# ПОДСТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# НА

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,

# 2020 - 2025



2021 година, Скопје

**Подстратегија за рурален развој на општина Гази Баба, 2020 – 2025 година**

**Имплементира**: Општина Гази Баба

**Изготвил**: Сектор за локален економски развој на општина Гази Баба

**Издавач**: Општина Гази Баба
Архимедова 2, 1000 Скопје,
РС Македонија
contact@gazibaba.gov.mk
www.gazibaba.gov.mk

**Автор**:
Сашо Трајков,
Раководител на сектор за ЛЕР и ИКР
Општина Гази Баба

Подстратегија за рурален развој на општина Гази Баба, 2020 – 2025 година, е подготвена во соработка и партнерство со сите стеикхолдери во општината – жителите на општина Гази Баба, деловните субјекти, институциите на локално, регионално и централно ниво.

Истата е подготовена со согласност и поддршка на Градоначалникот на општина Гази Баба и Совет на Општина Гази Баба.

Репродуцирањето на материјалот на не – комерцијална основа е дозволена само доколку изворот е соодветно потврден.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:332.1]:005.21 (497.711)"2020/25"

ТРАЈКОВ, Сашо
Подстратегија за рурален развој на општина Гази Баба [Електронски извор] : 2020–2025 / [автор Сашо Трајков]. - Скопје : Општина Гази Баба, 2021

Начин на пристапување (URL):
http://gazibaba.gov.mk/media/PDF/strategii/2020/podstrategija_rr_OGB_2020_2025.
- Текст во PDF формат, содржи 61 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 30.12.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-2774-5-0

а) Гази Баба (општина) -- Рурален развој -- Стратегии -- 2020–2025

COBISS.MK-ID 55958021

## СОДРЖИНА


1. ПРЕДГОВОР 5

2. ВОВЕД 7

3. МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 10

4. ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА И УСЛОВИ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОГБ 11

5. МОЖНОСТИ И НАСОКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИО- ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА 36

6. СПИСОК НА КОРИСТЕНИ СЛИКИ 56

7. СПИСОК НА КОРИСТЕНИ ТАБЕЛИ 57

8. БИБЛИОГРАФИЈА 58

## БЛАГОДАРНОСТ

Општина Гази Баба се заблагодарува на членовите на ЛЕР тимот, на бизнис заедницата, земјоделските здруженија, академската заедница и на граѓаните за укажаната подршка и учеството во изработката на овој стратешки документ.

# 1. Предговор

Оваа Потстратегија за рурален развој на ОГБ 2020-2025г. е ажурирана верзија на Потстратегијата за рурален развој на ОГБ 2013-2016г. која беше развиена во 2013 година. Подстратегијата за Рурален Развој на ОГБ за периодот 2020-2025г. е стратешко плански документ и средство за успешно планирање и управување на развојот на земјоделството и руралните подрачја во идниот период.

Тековната политика за рурален развој на ЕУ за 2014-2020 се фокусира на неколку клучни цели, а тоа се: инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства, инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи, диверзификација на фарма и развој на бизнисот, техничка помош и инвестиции во руралната јавна инфраструктура

Подстратегијата е ажурирана во насока на детален преглед на состојбата во Општината од аспект на руралниот развој, feedback од жителите на руралните населени места во ОГБ – Citizen Engagement Report in MGB, како и преглед на состојбата со политиките за рурален развој во ЕУ и Македонија.

Визијата на ОГБ во однос на Локалниот економски развој е:

„***ОГБ е дел од главниот град на Република Македонија со граѓани кои се стремат кон конкурентна економија и одржлив економски раст и кои имаат висок квалитет на живеење и здрава животна средина“.***

Во линија на истата треба да се развива и руралната средина со концентрација врз одржлив економски раст, здрава животна средина, креирање на фамилијарни нови бизниси и можности за туризам.

# Користени кратенки

| | |
|---|---|
| ОГБ | -Општина Гази Баба |
| ЛЕР | -Локален Економски Развој |
| CAP | -Common Agriculture Policy - Заедничка земјоделска политика на ЕУ |
| IPARD | -Instrument for Pre-Accession Assistance for Rural Development - Инструмент за претпристапна помош во руралниот развој |
| НСЗРР | -Национална Стратегија за Земјоделството и Руралниот Развој на Македонија |
| ЕУ | -Европска Унија |
| ЈИЕ | -Југоисточна Европа |
| ЕЛС | -Единица за Локална Самоуправа |
| ЗЖС | -Закон за Животна Средина |
| МЗШВС | -Министерство за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство |
| ЈЗО | -Јавна Здравствена Организација |
| ха | -Хектар |
| ИЗС | -Индивидуално Земјоделско Стопанство |
| ДЗС | -Државен Завод за Статистика |
| БДП | -Бруто Домашен Производ |
| ЕБОР | -Европска Банка за Обнова и Развој |
| ЕИБ | -Европска Инвестициона Банка |
| МБПР | -Македонска Банка за Подршка на Развојот |
| ЦЕА | -Центар за Економски Анализи |
| МСП | -Мали и Средни Претпријатија |
| ИПА | -Инструмент за Претпристапна Помош |
| ЈП | -Јавно Претпријатие |
| ФИУ | -Финасиски Инвестициски Установи |
| PLA | -Participatory Learning and Action |

## 2. Вовед

Според Законот за територијална организација на локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 55/04) Општина Гази Баба (ОГБ), меѓу другите надлежности има надлежност и да се залага за локалниот економски развој на општината (Закон за локална самоуправа, Сл. Весник на РМ 5/02). Поради таа причина ОГБ усвои Стратегија за Локален Економски Развој за периодот 2020-2025.

Како општина на чија територија се наоѓаат повеќе рурални населени места и 65% од вкупната територија се наоѓа во рамница под обработлива површина, во склоп на Стратегијата за ЛЕР се предвиде и изработка на Подстратегија за Рурален Развој на ОГБ. Истовремено, стремејќи се кон интеграцијата на РС Македонија со Европската Унија и со цел подигање на квалитетот на живеење на граѓаните во руралните средини се појави потребата за приготвување на интегрирана стратегија за Рурален Развој како планирачки стратешки документ кој е комплементарен на националните приоритети, и за што е исклучиво важно активното учество на локалните власти.

ОГБ руралниот развој во периодот 2020-2025 ќе го поддржува и гради во линија со националните и регионалните стратегии, програми и други документи кои се однесуваат на оваа област. На национално ниво усвоени се значаен дел на документи како и легислатива кои директно или индиректно се однесуваат на развојот на оние сектори кои се поврзуваат со руралниот развој. Такви се:

1) Законот за земјоделство и рурален развој
1) Националната Стратегија за Земјоделство и Руралниот Развој (чија цел е да ја дефинира долгорочната политика и развојни цели за земјоделство и рурален развој на Република Македонија, а во склад со политиките на ЕУ за земјоделство (*CAP – Common Agriculture Policy* - Заедничката земјоделска политика).
2) Повеќегодишна Национална Програма за развој на земјоделството и рурален развој (2014-2020)
3) Годишни Национални Програми за Финансиска Поддршка на Руралниот Развој
4) Стратегија за Рамномерен Регионален Развој
5) Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија
6) Национална Стратегија за рурален туризам
7) И др.

Руралниот развој и развојот на земјоделството во Р. Македонија претставува значаен дел од повеќето развојни стратегии, планови и програми на национално ниво. Националната Стратегија за Земјоделство и Рурален Развој на Македонија (НСЗРР) како клучен стратешки документ ни ја дава рамката за развојот на овој сектор чија основна стратешка цел е *"...понатамошно подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор на отворениот и променлив пазар и одржување на развојот на руралните средини преку оптимално користење на ангажираните природни ресурси* и тоа преку програмски интервенции за:
(1) Специфични цели во шест дефинирани области на интервенција
(2) Политики и мерки во секоја од областите на интервенција вклучени во Оперативните Програми
(3) Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој
(4) Едногодишни програми за финансиска поддршка
Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 го одразува континуитетот на интересот на македонската држава за развојот на земјоделството и руралните средини, сега преку понатамошно унапредување на веќе постоечките политики и зголемување на нивната ефикасност. Крајната цел останува

понатамошно подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор на отворениот и променлив пазар и одржување на развојот на руралните средини преку оптимално користење на ангажираните природни ресурси.

Националните стратегии се надополнуваат со Стратегиите за рамномерен регионален развој на ниво на планските региони во Македонија (Сл. Весник на РМ 63/2007 каде планските региони се единиците на НТЕС трето ниво на територијални единици за статистика) како и со Општинските Стратегии за ЛЕР и нивните под - стратегии за рурален развој, рурален туризам и слично. Подстратегијата за рурален развој на ОГБ произлегува пред се од потребите на граѓаните во руралните средини на оваа општина за воспоставување на организиран пристап за решавање на постоечките проблеми во руралните средини на ОГБ и можностите на општината да даде свој придонес во склоп на своите надлежности и потенцијали.

Како земја која се стреми кон интеграција со ЕУ неизбежно е да се напомнат и правците во кои се движи ЕУ кога станува збор за руралниот развој. Европската Унија ја препознава рурална Европа како подрачје кое се простира долж повеќе држави, а опфаќа подрачја кои не се индустријализирани, а во чиј склоп има земјоделско и шумско земјиште, села, мали градови, и кои ги окружуваат индустриските и регионалните центри. Бидејќи разликата која се јавува помеѓу економскиот раст и заштитата на природната животната средина во унијата е очигледна, ЕУ поддржува развој на мултифункционално земјоделство, кое освен производство на храна подржува и одредени непазарни функции: *„ако ги земеме во предвид сите предности на селските подрачја и го препознаеме социо-економското, историското и културното значење на земјоделството во рурална Европа тогаш станува јасно зошто мора да ја одржуваме мултифункционалноста на европското земјоделство...„ (Д. Гивор, 2000/2001).*

Политиката за рурален развој на ЕУ за 2014-2020 се фокусира на следните цели, а тоа се: подобрување на одржливоста и конкурентноста на земјоделските стопанства и преработката на храна, обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството, промовирање на рамномерен територијален развој и развој на руралните средини и трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралниот развој. Во склоп на ова и во линија со *Извештајот за мултифункционално земјоделство на Комисијата за земјоделство и Рурален Развој на ЕУ* од 2003 година концептот на такво земјоделство се базира на следните две клучни начела:

1. Зголемување на големината на земјоделските стопанства преку смалување на висината на директните субвенции со цел зголемување на конкурентноста на отворените пазари,
2. Задржување на земјоделската активност во руралните и селските подрачја долж ЕУ преку обезбедување на земјоделски производ но, и унапредување на непроизводната функција на земјоделството.

Во Македонија пак, поради прописите и аграрната политика која во изминатиот период недоволно се фокусирала на земјоделскиот и руралниот развој во овој регион и општина, погодностите и предностите на оваа подрачје/општина за развој на земјоделството и руралната средина не се искористени доволно. За таа цел Подстратегијата за Рурален Развој на ОГБ 2020-2025 е стратешко плански документ и средство за успешно планирање и управување на развојот на земјоделството и руралните подрачја во идниот период.

Подстратегијата се состои од неколку делови вклучувајќи ажуриран преглед на состојбата во Општината од аспект на руралниот развој, како и Citizen Engagement Report (подготвена во соработка со World Bank) на жителите во неколку рурални населени места за главните приоритети во  подстратегијата за рурален развој.

## 3. Методологија и цели на истражувањето

Унапредувањето на руралниот развој во дадена општина, регион како и на национално ниво е комплексен процес кој бара заеднички напори на значаен број засегнати страни. Меѓутоа рамката и главната насока на развој на руралните средини треба да бидат општо познати, интегрирани и усогласени со сите засегнати страни во општината со цел да се подигне квалитетот на живеење на граѓаните од руралните средини преку креирање на нови работни места со што би се придонело и кон намалување на диспаритетот во квалитет на живеење меѓу урбаните и руралните средини.
Општината како територија не може да се гледа како засебна изолирана единица туку нејзиниот рурален развој треба да е во склоп на националните како и регионалните цели, но Општината истовремено треба да се јави и како **администратор** преку кој ќе се координира и дава главната насока и рамка на руралниот развој.

Методологијата користена при изработка на оваа подстратегија за рурален развој е користење на постојната Потстратегија за рурален развој 2013-2016 и нејзино ажурирање согласно измените во легислативата, состојбите на терен, анализите и согледувањата на секторот за локален економски развој, како и секундарни податоци преку аналитичко истражување на постоечки документи и бази на податоци и нивна квантитативна и квалитативна анализа како и теренско истражување преку кое се собрани примарни податоци од локалните засегнати групи, а кои се однесуваат на потенцијалите на руралните населени места во општина Гази Баба за рурален развој.

Секундарните квантитативни податоци се собирани од статистички податоци добиени од Статистичкиот информативен систем на Република Северна Македонија и тоа:
1. Државен завод за статистика,
2. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство,
3. Министерство за економија,
4. Министерство за локална самоуправа, здруженија на земјоделци итн.

Примарните податоци од теренското истражување се прибрани врз база на посебно подготвен прашалник но, и на база на остварени средби со претставниците на неколку населените места и здруженија на земјоделци.

Со овој проект се постигна:
1. Изработка на подстратегија за рурален развој на ОГБ за период 2020 – 2025;
2. Изработка на Citizen Engagement report во соработка со Светска Банка за 2019 година;
3. Активно инволвирање на сите засегнати страни во процесот на изработка на подстратегијата за рурален развој;
4. Зголемување на капацитетите во Општина Гази Баба за време на изработка на подстратегијата за рурален развој;

Принципите на кои се потпираше изработката на оваа подстратегија беа:
1. Користење на веќе постоечката Потстратегија и нејзино ажурирање;
2. Инволвирање на современи ЕУ трендови во процесот на изработка на подстратегијата за рурален развој;
3. Почитување на спецификите во Република Северна Македонија и на ОГБ при изработка на подстратегијата за рурален развој;

# 4. Преглед на тековната состојба и услови за рурален развој во ОГБ

## Географска поставеност и политичка организираност

### Географска поставеност

Општина Гази Баба се наоѓа во северниот дел на Р. Македонија и се простира во источниот и југоисточниот дел од Скопската котлина (41° 42' до 42° 11' с.г.ш. и од 18° 45' до 19° 29' 30'' и.г.ш.) и градот Скопје, од левата страна на реката Вардар.

Поголемиот дел од територијата во централниот, југозападниот и јужниот дел од територијата на ОГБ се наоѓа во рамница под обработлива површина (65% од вкупната територија) со неколку височини, во северниот дел од општината кај паркот шумата Гази Баба и во централниот дел во месноста Камник, и планински дел (Скопска Црна Гора) во источниот дел од општината. Се граничи со скопските општини: на север со Бутел и Чаир, на запад со Центар и Аеродром, на југ со Илинден и Петровец, и на исток со Арачиново и Липково. Пречникот на простирање на Општината исток-запад изнесува 10 км, а север-југ 11 км.

Општината опфаќа површина од 92км$^2$, каде голем дел од таа површина припаѓа на руралниот дел од општината, со 65% обработливо земјиште од вкупното земјиште на територијата на Општина Гази Баба т.е. 59,8км$^2$.

**Слика 1:** Површини под земјоделски култури во општина Гази Баба – во м², Попис на земјоделие во 2007 година[1]




[1] **Извор**: Државен завод за статистика на РСМ, Попис на земјоделието во 2007 година

### Политичка организираност

Општина Гази Баба е организирана на начин кој е пропишан со Законот за локална самоуправа и ги вклучува сите органи на управување како и сите други општини во Р. Македонија.

Носители на управувањето се:

1. Градоначалник,
2. Совет на Општина Гази Баба и
3. Општинска администрација.

Општина Гази Баба е составен дел на Град Скопје, заедно со уште девет други општини. Во градот Скопје согласно законот за град Скопје (Сл. Весник 55/2004 од 16.08.2004 година) има двостепена територијална организација со јасни надлежности на градот Скопје и 10-те општини кои се во состав на градот Скопје.
Градот Скопје е исто така составен од горе наведените органи на управување и раководење со локалната власт.

## Просторно планирање, политики за локален развој, користење на земјата и заштита на природата

Општина Гази Баба е најголемата индустриска зона на градот Скопје и Република Македонија, и на нејзина територија се создава третина од општествениот производ на Република Македонија. Квалитетно земјиште, поволна сообраќајна положба и вкупна комунална инфраструктура, стручна работна сила, научни, образовни, здравствени и други институции, потоа традиција во одвивање на одделни дејности, како и големината и квалитетот на економската структура, се битни потенцијали во развојната стратегија на Општина Гази Баба како дел од градот Скопје. Имајќи ја во предвид и расположливоста на обработливото земјоделско земјиште на територијата на ОГБ, општината има значајни потенцијали за диверзификација на економијата со цел подобрување на квалитетот на животот и во руралните и во урбаниот дел од општината и премостување на значајните разлики во развојот на овие делови од општината.

Визијата на ОГБ во однос на Локалниот економски развој е ***ОГБ е дел од главниот град на Република Македонија со граѓани кои се стремат кон конкурентна економија и одржлив економски раст и кои имаат висок квалитет на живеење и здрава животна средина[2].***

Во линија на истата треба да се развива и руралната средина со концентрација врз одржлив економски раст, здрава животна средина, креирање на фамилијарни нови бизниси и можности за туризам.

### Заштита на природата

Во однос на заштита на природата и животната средина ОГБ подготвува програми за контрола на квалитетот на воздухот, водата за пиење и јавните чешми, површинските води, загаденоста на земјиштето како и мерење на нивото на комунална бучава.

Во насока на намалување на аерозагаденоста, пред се во урбаниот дел, се преземаат активности на контрола на примената на еколошките стандарди од страна на компаниите концентрирани на територијата на општината. Истовремено тече и процес

[2] Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Гази Баба за периодот 2020 - 2025

на континуирана замена на цврстите горива со далечински системи на греење, што во голема мера влијаат на подобрувањето на квалитетот на воздухот.

ОГБ прави напори за подобрување на квалитетот на водата за пиење преку изградба на соодветен регионален систем за водоснабдување во село Јурумлери со цел секој жител (во населените места покрај реката Вардар) да има пристап до здрава и квалитетна вода за пиење[3].

Поставување на нова канализациона мрежа (фекална и атмосферска), како основен предуслов во заштитата на контаминирање на пониските слоеви на земјиштето и животната средина, ***пред се во руралниот дел од општината каде се наоѓа и најголемиот дел од обработливо земјиште***, што на долг рок може да има катастрофални последици, е дел од напорите на ОГБ.

Во периодот 2009 - 2020 година постигнати се следните резултати:

- Во соработка со Владата на РМ и кредитната линија на Европската инвестициона банка беше изградена примарна фекална мрежа во населеното место Стајковци во должина од 3,7км;
- Во соработка со Владата на РМ и градот Скопје се изгради и доизгради примарниот фекален колектор на делницата - р. Вардар – Хиподром II – Инџиково – Економија – Сингилиќ – Стајковци во должина од околу 15км;
- Се изгради и водоводната мрежа за висока и ниска зона, заедно со резервоар, во н.м Раштак преку МСИП Програмата на Светска Банка;
- Се доизгради еден крак од водоводната мрежа во н.м. Булачани преку Буџетот на ОГБ;
- Се гради фекалниот колектор во н.м. Смилковци преку програмата за прекугранична соработка на EU – IPA – CBC – MK – KS;
- Во подготовка е изградбата и на секундарната фекална мрежа и ПСОВ во н.м. Смилковци преку грант од МСИП 2 Програмата на Светска Банка;
- Се гради фекална мрежа на еден крак со ПСОВ во н.м. Јурумлери преку on – lending кредит на Министерството за финснсии во рамки на МСИП 2 програмата на Светска Банка;
- Се изгради фекалната мрежа во н.м. Трубарево преку Буџетот на ОГБ;

ОГБ како посебна ЕЛС надлежна е за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи за чие доделување има значење потенцијалот на влијание врз животната средина и за спроведување на законските одредби согласно ЗЖС, со цел да се постигне спречување и намалување на загадувањето на најмала можна мера со што стандардите на квалитет на животната средина ќе се подигнат на ниво на оние во ЕУ.
Општина Гази Баба не издава Б – еколошки интегрирани дозволи туку тоа е надлежност на Град Скопје.

## Природни карактеристики на ОГБ

### Клима

Територијата на град Скопје, а во таа целина и на Општината Гази Баба е под влијание на два вида клима: изменета средоземна и умерено континентална. Таа ги предизвикува студените континентални и влажни зимски периоди како и топлите континентални и суви медитерански летни периоди. Ова се јавува поради тоа што од

[3] www.gazibaba.gov.mk

југ е затворена со високи планини кои го спречуваат директното влијание на медитеранската клима, а од север и северозапад, преку Качаничката Клисура и Кумановско-Прешевската Превлака, навлегуваат континентални воздушни маси чие влијание е посилно. [4]

Зимите се умерено студени, а се јавуваат високи летни температури на воздухот. Есента е потопла од пролетта. Во летните месеци загреаноста на почвата условува високи температури на воздухот. Годишната апсолутно максимална температура подеднакво се јавува во јули и август. Средно годишно во Општината има 117 летни денови.[5]

Просечна годишна температура на воздухот изнесува +12,2C°. Минимална апсолутна годишна температура на воздухот изнесува -22,2C°, а максималната +40C°. Просечната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 70°.

Просечен годишен број на ведри денови е 70, а облачни денови 107 со што територијата на ОГБ се одликува со најголема облачност во Македонија по Полошката Котлина, и спаѓа меѓу најгрмотевичните подрачја во Македонија.

Просечни годишни количини на врнежи 516,1мм на метар квадратен, просечен годишен број на денови со врнежи 112, кои во текот на годината се нерамномерно распоредени по месеци и годишни сезони. Најврнежлив е мај, со 66 мм или 12% од просечното годишно количество, а со најмалку врнежи се јавуваат во август со 30 мм и јули со 33 мм.

Исто така просечниот број на денови со магла е 81 и со поледица 0,6.[6] Маглата како појава е често застапена, а во одделни години овој број на денови е значително поголем. Затоа и територијата на Општината има најголем број денови со магла во а во оние делови на територијата на Општината кои се повисоки од 500 м маглата воопшто не се појавува.[7]

Земјоделските површини во овој регион полежат и на мрзнења во рана есен, во почетокот на месец септември до средина на октомври и на мрзнења во касна пролет од средина на април до средина на мај кога имаат најголем негативен ефект на овошките и раниот зеленчук, а во скопскиот регион истите се изразени најмногу околу 26 септември и 15ти мај[8]. Во истиот регион пак за разлика од другите региони во Македонија немаме изразени врнежи на град кои предизвикуваат штети на земјоделските култури.

Ветровите во Општината се јавуваат од сите правци и меѓуправци. Над територијата на град Скопје, и на Општината Гази Баба, дуваат три ветрови: Повардарец, Југо и Ветерот од северо-запад. Повардарецот дува од Шар Планина долж реката Вардар спрема јужните делови на РС Македонија, преку лето е сув, а преку зима и есен е пратен со врнежи. Ветерот Југо дува од обратен правец на ветерот Повардарец, тој е топол ветар и редовно е пропратен со дожд. Ветерот што дува од Качаник спрема Скопје по долината на реката Лепенец е сличен како и Повардарецот. Просечната

[4] Монографија на ОГБ, 2007, ОГБ
[5] Ibid.
[6] Национална Програма за Земјоделство и Рурален Развој, ИПАРД 2007-2013, МЗШВС
[7] Монографија на ОГБ, 2007, ОГБ
[8] Хидро-метеоролошки Директорат, МЗШВ

брзина на ветровите изнесува максимално од 29-30км/ч, средно од 14-21км/ч и минимум од 1-5км/ч.

Од вкупната површина на која се простира општина Гази Баба, 65% претставува обработлива површина  и 5% ридско планински појас.

На територијата на Општина Гази Баба се среќаваат поголем број видови почви, и тоа: слатина, гајњачите, смолниците и алувијалните почви, додека црвеницата се јавува понекаде. Од сите овие слатината е најзастапено земјиште во Општината и го зазема најнискиот територијален дел на Општината, односно околината на селата Стајковци, Инџиково, Јурумлери, Трубарево итн.

Гајњачите се распространети на мали површини во околината на Брњарци, Арачиново и други села, додека смолниците се распространети на мали површини и тоа во Ќојлија и Ржаничино како и во околината на Инџиково.

Алувијалните почви главно се распространети на најниските алувијални тераси по долината на реките Вардар и Пчиња.

Покрај овие, на брановидно-ритчестите терени се јавуваат рендзините и циметните почви, а покрај реките распространети се ливадските почви[9].

Територијата на Општината изобилува со помали и поголеми реки, потоци и подземни води. Главната површинска речна мрежа ја чини реката Вардар со нејзините притоки, која всушност ја претставува граничната линија на Општина Гази Баба со Општина Аеродром. Водата на реката Вардар преку испустите на отпадните води од индустријата и канализацијата е многу загадена, поради што не се користи за наводнување. Значајни водни ресурси што се наоѓаат на територијата на Општината се и Раштанскиот Поток во с. Раштак и Страшката односно Булачанска Река во с. Булачани. Раштанскиот Поток извира на надморска височина од 1.500 метри. Тој претставува мал но прилично постојан поток поради изворите на поголема височина. Страшка односно Булачанска Река извира на североисток од селото Булачани. Страшка Река претставува лев изворишен крак на Булачанска Река. Реката протекува низ селото. Во периодите кога е полноводна мал дел од нејзините води се користат за наводнување. Водотекот има мал и варијабилен проток. Во Општината постојат и повеќе извори, меѓу кои најголемиот број се наоѓаат во околината на селата Булачани - вкупно 4 и Раштак - вкупно 5. Изворите кај с. Раштак се на голема височина и сите слободно истекуваат. Ист е случајот и со изворите кај с.Булачани, каде само еден е каптиран како чешма, и тоа најблискиот до селото.[10]

## Шуми

Од вкупната шумска површина во град Скопје од 3.531ха, 29% односно 1.037ха се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба. Најголемиот дел се површини со чисти листопадни насади (даб и бука), а значително помала површина од само се чисти иглолисни насади од 13ха (главно бор) и мешани шуми од листопадни и иглолосни површини (16ха).

[9] Д-р В. Даскаловски, Бонитетот на земјиштето, популацискиот развиток, реонизација и функционална класификација на селата во руралната средина на Скопската Котлина, Годишен зборник, кн.19, Скопје, 1971.,48-52.
[10] Монографија на ОГБ, 2007, ОГБ

**Слика 2**: Структура на шумски површини на територијата на град Скопје, 2007 година[11]




На територијата на општината се наоѓа и парк-шумата Гази Баба на околу 100ха која се наоѓа во самото средиште на градот поради што општината претставува најзелената општина во склоп на градот Скопје. Парк шумата Гази Баба истовремено претставува и заштита од најголемата индустриска зона во Република Македонија која исто така се наоѓа на територијата на општина Гази Баба. Парк шумата претставува зелено богатство кое се карактеризира со специфична ендемска фауна и флора.

Во пониските шумски појас од вегетацијата доминира шикара на белиот габер и даб и нискостеблеста и средностеблеста шума, а по течението на водните текови и по падините присутни се оревот, тополата, базелот, разни овошни насади, дренот, црниот јасен, киселото дрво, брестот, багремот и друго. Во средниот дел преовладува дабот, а во највисоките делови буката. Овие шуми порано биле многу распространети и зафаќале најголем дел од пониските подрачја. Шиповите и остатоците од благун-белографови шуми се наоѓаат распространети по течението на реката Вардар. Пасиштата се застапени во погорните делови на територијата на Општината, додека голините и други површини ги има насекаде[12].

**Слика 3:** Структура на шумски стебла и шумска површина на територијата на град Скопје и општина Гази Баба, Попис на земјоделието 2007 година[13]




[11] ДЗС – Макстат база на податоци, Земјоделски попис во ОГБ во 2007 година
[12] Монографија ОГБ, 2007, ОГБ
[13] ДЗС – Макстат база на податоци, Земјоделски попис во ОГБ во 2007 година

## Социо-економски профил на ОГБ

### Населени места

Скопскиот плански регион го опфаќа басенот на Скопската котлина и зафаќа вкупна површина од 1.812 км2 или 7% од територијата на Република Македонија. Во склоп на Скопскиот Плански регион спаѓа и општина Гази Баба во која пак се наоѓаат селата: Инџиково, Сингилиќ, Стајковци, Смилковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци, Брњарци, Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово, а средиштето е во град Скопје.

### Население

Според пописот на населението од 2002г. Општина Гази Баба брои 72.222 жители и според бројот на жители претставува една од поголемите општини во Република Македонија. Од вкупниот број на жители согласно проценките на ДЗС во 2016г[14]., кој изнесувал 76921, половата распределба е речиси рамномерна односно 49,64% се мажи, а 50,36% се жени.

**Слика 4**: Структура на население во општина Гази Баба по пол, 2016г.[15]




Од оние земјоделски стопанства регистрирани со Пописот на земјоделството во 2007[16] година од вкупно 5.351 членови на домаќинствата кои работат на земјоделските стопанства 62% се мажи, а само 38% се жени.

[14] ДЗС, Макстат база на податоци – Население во ОГБ, 2016 година
[15] ДЗС, Макстат база на податоци – Население во ОГБ, 2016 година
[16] ДЗС, Макстат база на податоци – Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година

**Слика 5**: Полова структура на индивидуалните земјоделски стопанства во ОГБ, 2007г.[17]




## Возрасна структура на населението[18]

Просечната возраст на населението во ОГБ е 32,9 години, каде лицата до 19 години се застапени со 22,7 %, од 20 до 39 години со 28,4%, од 40 до 64 години со 33,7% и 65 години и повеќе со 15,1%. Населението во секоја заедница е еден од главните ресурси и нивната возрасната структура, образованието, вештините се важен фактор во способноста на населението да се носи со општествените и економските современи промени. Повеќе од 15,1% од популацијата е на возраст поголема од 65 години што укажува на фактот дека популацијата на ОГБ старее.

**Слика 6**: Структура на населението по возрасни групи во ОГБ, 2016г.[19]




[17] ДЗС – МАКСТАТ база на податоци, Попис во земјоделието во ОГБ во 2007 година

[18] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Процена на население, 2016 година

[19] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Процена на население, 2016 година

Според Земјоделскиот Попис од 2007 година во Општина Гази Баба постојат вкупно 2.370 индивидуални земјоделски стопанства со вкупен број на членови кои работат на земјоделските стопанства од 5.351, односно 8% од вкупниот број на жители (според податоци за број на население од 2006г.) се занимава со земјоделство.

Овие податоци покажуваат дека секое индивидуално земјоделско стопанство брои во просек по 2,3 членови од кои пак дури 38% се постари од 55 години, а само 9% се до 25 години. Ова укажува на земјоделството како гранка која претставува занимање за постарото население.

**Слика 7**: Структура на ИЗС според возрасни групи во ОГБ, 2007 година[20]




## Образование

Од вкупно 5.351 член на домаќинствата кои работат на земјоделските стопанства, само 231 имаат земјоделско образование, 2.667 немаат земјоделско образование, 1.859 имаат завршено основно образование, а останатите немаат завршено никакво образование.

Горе наведените податоци покажуваат дека земјоделството како дејност која носи приходи не е професионализирано и сеуште претставува активност за сопствени потреби или пак активност за опстанок, за оние лица кои имаат ниско ниво на образование или пак не успеале да најдат вработување во друга дејност.

Тоа се гледа и од фактот што иако има значаен број на население кое се занимава со земјоделство статистички незначителен број пријавиле дека земјоделството им е дејност во која се вработени односно не се регистрирани како вработени во земјоделскиот сектор што ќе се види од подолу наведената анализа.

[20] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година

**Слика 8:** Структура на членовите на ИЗС според образование, 2007г.[21]




[21] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Попис на земјоделие во ОГБ, 2007 година

## Вработеност и невработеност

Во структурата на вработени во ОГБ во 2018 и 2019 година по национална класификација на дејностите (станува збор само за приватниот сектор), доминира учеството на вработените во преработувачка индустрија, трговија на големо и мало, транспорт и складирање, земјоделие, комунални дејности, градежништво.
Во вкупната структура вработените во земјоделскиот сектор во ОГБ учествуваат со 9.5% во вкупната структура на вработени во ОГБ. Во 2019 година во однос на 2018 во секторот земјоделие имаме намалување на вработените од само 5%, наспроти 17% на ниво на локална економија на ОГБ.

**Табела 1**: Структура на вработени во ОГБ според НКД 2, 2018 и 2019 година[22]

| | Индустрија / дејност | Вработени - 2018 | Вработени - 2019 | 2019 vs 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 1,296 | 1,203 | 93% |
| 2 | ГРАДЕЖНИШТВО | 1,238 | 730 | 59% |
| 3 | ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 144 | 55 | 38% |
| 4 | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 400 | 372 | 93% |
| 5 | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 49 | 34 | 69% |
| 6 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 2,469 | 2,415 | 98% |
| 7 | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 374 | 179 | 48% |
| 8 | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 24 | 18 | 75% |
| 9 | ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 534 | 379 | 71% |
| 10 | ОБРАЗОВАНИЕ | 75 | 16 | 21% |
| 11 | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 7,956 | 6,736 | 85% |
| 12 | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 34 | 10 | 29% |
| 13 | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 1,351 | 1,478 | 109% |
| 14 | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 166 | 101 | 61% |
| 15 | СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 419 | 274 | 65% |
| 16 | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 3,167 | 2,563 | 81% |
| 17 | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 6,203 | 5,049 | 81% |
| 18 | УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 34 | 16 | 47% |
| 19 | ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 54 | 10 | 19% |
| | **Вкупно** | **25,987** | **21,638** | 83% |

Во структурата на невработени во ОГБ имаме драстичен тренд на намалување на невработеноста која се движи од 33% во 2002 година до 20% во 2016 година.

Во структурата на невработени во ОГБ во 2016 година, со 34% доминираат лицата без образование и со основно образование, како и лицата со незавршено и завршено средно образование со 27 – 28,5 % невработени.

Наспроти горенаведените лица, жителите на ОГБ со високо образование и повисок степен на образование учествуваат со 10% невработеност во структурата на невработени во ОГБ.

[22] Бизнис мрежа - Таргет Груп, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, 2018 и 2019 година

**Слика 9**: Невработени во ОГБ, 2002 – 2016 година[23]




**Слика 10:** :Невработени во ОГБ според степен на образование, 2016г.[24]




Иако статистиката покажува релативно голем број на земјоделски стопанства во општината, согласно направените анктетни и фокус истражувања[25] во 2019 година, се уште преовладуваат лицата кои се вработени во сектори надвор од земјоделството, а остваруваат приходи од земјоделството во незначителна мерка или до најмногу половина од семејните приходи се од земјоделството. Кај значаен број од оние лица кои се невработени пак, може да се забележи дека земјоделството има или целосен или значаен удел во вкупните семејни приходи. Тоа укажува на фактот дека земјоделството кај голем број на лица кои се занимаваат со производство е дополнителен приход, но и сектор во кој прибежиште бараат невработените лица што повторно укажува на недоволната професионализација во секторот. Оние лица кои пак работат во земјоделството немаат приходи од други извори како занаети, туризам, диворастечки производи и слично што можат да бидат алтернативни извори на финансирање во руралните средини и поттик за диверзификација на приходите во

[23] Сектор за ЛЕР, Податоци генерирани од АВРМ во 2002, 2006, 2008, 2015 и 2016 година
[24] Агенција за вработување на РС Македонија, 2016 година
[25] Центар за економски анализи во соработка со Светска Банка, Citizen Engagement Report of rural MGB, 2019 година

руралните средини. Најмување на дополнителна работна сила на земјоделските посеви се јавува повремено по потреба само кај оние земјоделски стопанства кои обработуваат земја над 1ха, и чии семејства целосно зависат од приходите од земјоделството.

### Граѓанскиот сектор

Во рамките на територијата на општина Гази Баба, постојат и функционираат 153 граѓански здруженија кои покриваат најразлични сфери од општественото живеење на граѓаните на општината[26]. Најголемо и најпознато граѓанско здружение кое функционира на територијата на општината е СОС Детското село во кое се згрижени деца без родители и кое ги дава сите можни услови за да им го олесни живеењето на тие деца. Во рамките на СОС Детско село функционира и Ресурсниот Центар за ран детски развој и развој на микро и мали фирми.

Исто така НВО Млади Инфо Интернационал кои има за цел образовен развој и подобрување на квалитетот на животот на младите преку формално и неформално образование успешно ги врши своите активности на територијата на Општина Гази Баба, и управува со Центарот за млади и НВО на ОГБ.

## Постоење и структура на социјалните услуги

### Образование

Општина Гази Баба располага со значаен образовен потенцијал кој најдобро може да се види преку бројот на факултетите кои се наоѓаат на нејзина територија.

На територијата на општината функционираат шест државни факултети и еден приватен универзитет, од кои пет функционираат во рамките на Универзитетот Кирил и Методиј (Шумарски Факултет, Земјоделски Факултет, Факултет за дизајн и технологија на мебел, Ветеринарен Факултет, ПМФ), еден во рамки на Универзитет Гоце Делчев (Фалултет за туризам и бизнис логистика), и приватниот Американски Универзитет во Европа - ФОН. Исто така постојат и 12 детски градинки , 11 основни училишта, едно средно училиште за деца со посебни потреби, пет средни училишта и еден центар за сместување на средношколци, како и најголемиот студентски центар за сместување на студенти – Стив Наумов.

### Здравствена заштита

На територијата на Општина Гази Баба функционира една приватна болница - Ремедика, една поликлиника – Ченто, еден здравствен центар Железара, 6 амбуланти, 268 пунктови на примарна здравствена заштита и голем број на аптеки со што се задоволуваат потребите на граѓаните за исполнување на своите здравствени потреби без некоја поголема потреба за користење на услугите на здравствените организации во другите општини, секако со исклучок на специјалистичките здравствени услуги.

### Култура (акцент врз културно наследство)

Како дел од Градот Скопје, Општина Гази Баба нема никакви ингеренции врз сегментот култура. Меѓутоа и покрај тој факт ОГБ во соработка со градот Скопје прави сè за културната активност да заживее и на територијата на ОГБ.

Реализацијата на таа намера се одвива преку враќањето на сјајот на поранешните културни домови кои се наоѓаат на територија на општината а во моментов се во руинирана состојба, како и преку поттикнување на соодветни културни содржини како дел од културното живеење на граѓаните на ОГБ.

[26] Централен Регистар на РМ, 2010 година

## Економски профил на ОГБ

**Табела 2**: Вредносни индикатори на локалната економија на ОГБ, според НКД Рев.2, 2018 и 2019 година[27]

| | Индустрија / Дејност | Обрт 2019 | Обрт 2018 | Добивка 2019 | Добивка 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 1,534,313,745 | 1,726,868,229 | 65,023,548 | 65,314,604 |
| 2 | ГРАДЕЖНИШТВО | 5,555,470,940 | 5,384,310,248 | 292,520,540 | 201,592,839 |
| 3 | ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 430,680,663 | 730,505,046 | 6,844,778 | 17,618,662 |
| 4 | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 1,156,223,922 | 1,161,996,579 | 64,916,649 | 70,160,457 |
| 5 | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 47,646,725 | 66,563,825 | 650,287 | 1,393,539 |
| 6 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 3,673,716,908 | 4,003,907,086 | 34,671,089 | 53,620,107 |
| 7 | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 1,930,972,240 | 2,526,563,394 | 41,764,465 | 64,895,030 |
| 8 | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 25,632,864 | 42,780,291 | 2,106,822 | 21,203 |
| 9 | ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 1,031,960,980 | 1,314,788,862 | 46,570,955 | 52,031,232 |
| 10 | ОБРАЗОВАНИЕ (приватен сектор) | 52,403,597 | 148,862,584 | 497,636 | 3,330,112 |
| 11 | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 68,919,178,821 | 72,541,884,728 | 2,960,653,056 | 2,337,851,124 |
| 12 | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 54,833,856 | 101,585,717 | 2,497,744 | 3,231,445 |
| 13 | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 4,051,088,595 | 4,027,238,426 | 66,171,523 | 77,968,940 |
| 14 | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 1,761,845,609 | 21,432,513,233 | 50,354,900 | 8,035,440,088 |
| 15 | СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 953,598,956 | 1,411,678,380 | 54,078,636 | 63,612,998 |
| 16 | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 11,513,918,306 | 13,085,265,034 | 281,996,091 | 358,594,557 |
| 17 | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 73,092,114,980 | 78,780,265,003 | 1,470,692,894 | 1,704,537,116 |
| 18 | УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 155,942,352 | 170,636,020 | 7,320,236 | 9,520,220 |
| 19 | ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 128,039,155 | 251,249,342 | 3,870,552 | 10,678,860 |
| | **Вкупно** | **176,069,583,214** | **208,909,462,027** | **5,453,202,401** | **13,131,413,133** |

[27] Бизнис мрежа - Таргет Груп, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, 2018 и 2019 година

## Структура на руралната економија во ОГБ

### Земјоделски стопанства и производство

**Табела 3:** Рурални населени места во општина Гази Баба според површината, 2016 година[28]

| Рурални населени места | Обработливо земјиште (во ха) | Урбанизирана површина (во ха) | Оддалеченост од најблиска градска населба (во км) |
|---|---|---|---|
| Брњарци | 306 | 84 | 4 |
| Булачани | 631 | 71 | 7 |
| Гоце Делчев | | 46 | 3 |
| Идризово | 526 | 71 | 7 |
| Инџиково | 131 | 75 | 0 |
| Јурумлери | 212 | 163 | 5 |
| Раштак | 349 | 79 | 9 |
| Сингилиќ | 319 | 172 | 0 |
| Смилковци | | 51 | 4 |
| Стајковци | 402 | 133 | 2 |
| Страчинци | 218 | 21 | 4 |
| Црешево | 497 | 39 | 3 |
| Трубарево | 275 | 160 | 2 |

**Табела 4:** Земјоделско земјиште според земјоделска култура и катастарска општина во општина Гази Баба, 2016г.[29]

| Катастарска општина | Обработливо земјиште (во $м^2$) | Градини (во $м^2$) | Овоштарници (во $м^2$) | Лозја (во $м^2$) | Ливада (во $м^2$) | Друго (во $м^2$) | ВКУПНО (во $м^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Брњарци** | 3.059.919 | 20.105 | 2.643 | 77.763 | 296.288 | 35.669 | 3.492.387 |
| **Булачани** | 6.312.041 | | 175.290 | 428.978 | 199.414 | | 7.115.723 |
| **Црешево** | 4.968.997 | 161.804 | 40.704 | 362.558 | 300.259 | | 5.834.322 |
| **Идризово** | 5.256.661 | 6.390 | 209.487 | | 691.037 | | 6.163.575 |
| **Инџиково** | 1.302.071 | 34.467 | 50.086 | 1.180 | 1.095.301 | | 2.483.105 |
| **Јурумлери** | 2.122.282 | | 206.603 | | 107.540 | | 2.436.425 |
| **Маџари** | 1.384.641 | 22.088 | 23.478 | 1.540 | 424.617 | 23.125 | 1.879.489 |
| **Раштак** | 3.491.224 | 710 | 8.626 | 376.729 | 258.918 | | 4.136.207 |
| **Сингилиќ** | 3.186.591 | 107.042 | 11.609 | 2.550 | 923.122 | | 4.230.914 |
| **Стајковци** | 4.017.136 | 181.271 | 93.251 | 7.435 | 92.020 | | 4.391.113 |
| **Страчинци** | 2.179.503 | 30.620 | 195.506 | 25.373 | 48.049 | | 2.479.051 |
| **Трубарево** | 2.745.983 | 203.985 | 397.249 | | 193.699 | | 3.540.916 |
| **Гази Баба (Железара, Автокоманда, Керамидница)** | 260.763 | 57.433 | 65.693 | 28.648 | 4.034 | | 416.571 |
| | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **40.287.812** | **825.915** | **1.480.225** | **1.312.754** | **4.634.298** | **58.794** | **48.599.798** |

[28] Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство на РС Македонија, подрачна единица Гази Баба

[29] Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство на РС Македонија, подрачна единица Гази Баба

Од вкупно 9.148 земјоделски стопанства во Скопје, 2.370 се наоѓаат во ОГБ, што претставува 26% од вкупниот број на земјоделски стопанства во градот односно 1,23% од вкупниот број во РМ. Овие земјоделски стопанства имаа вкупно расположливо земјиште од 2.942 ха од кои 2.371ха се користат[30]. Земјоделското производство игра значајна улога во локалната економија на ОГБ. Ако се знае дека во општината постои значаен број на посебни парцели од користеното земјиште може да се пресмета дека просечната површина на една парцела земјиште кои се користи изнесува 0,44ха што укажува на високиот степен на расцепканост на парцелите и е на исто ниво со Град Скопје која изнесува 0,41ха односно 0,42ха на ниво на Републиката.

Според анкетата направена за време на подготовката на подстратегијата 2019-2021 каде беа интервјуирани лица од населените во сите населени места во ОГБ, просечната големина на земјиште кои го обработува едно земјоделско стопанство изнесува 2,08ха[31].

Од вкупното користено земјоделско земјиште во општината, 90% се ораници, бавчи и куќни градини, а останатиот дел припаѓаат на пасишта, овоштарници и лозја.

**Слика 11**: Структура на земјоделско земјиште во ОГБ, 2007г.[32]




Најдолен дел од површината на ораници, бавчи и градини се посеани со жита (1.305ха, 61%), потоа, зеленчук (515ха, 24%) и фуражни култури (225ха, 10%).

30 Според Земјоделски попис 2007 од ДЗС.
31 Прашалниците за повеќе информации се достапни во ЦЕА
32 Државен завод за статистика, Попис во земјоделие на ОГБ

**Слика 12**: Структура на ораници, бавчи и градини, ха 2007г.[33]




На вкупните површини на житни култури посадена површина од 1.305ха дури 60% отпаѓаат на пченицата, 22% на јачменот и 15% на пченката. Останатите 3% се површина засеана со друг вид на житни култури.

**Слика 13**: Структура на засадени површини со жито, ха 2007г.[34]




22% од вкупното користено земјоделско земјиште во ОГБ е посеано со зеленчук. Градот Скопје располага со засеани вкупно 1.555ха зеленчук од кои 33% се наоѓаат во ОГБ. Најголем процент на засеан зеленчук и отпаѓа на пиперката (96ха), лубениците (100ха), компирот (73ха), доматите (45ха) итн.

[33] Државен завод за статистика на РС Македонија, Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година
[34] Државен завод за статистика на РС Македонија, Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година

**Слика 14**: Структура на површини со раноградинарски култури во ОГБ, ха и %, 2007г.[35]




Од фуражните култури најзастапена е детелината на 179ха, што претставува 80% од вкупно засеаната површина со фуражни култури и со помали површини од останати култури. На територијата на ОГБ се произведува дури на 31% од вкупните површини засеани со фуражни култури во Скопје.

**Слика 15**: Структура на земјоделска површина со фуражни култури во ОГБ, ха 2007г.[36]




Од сите Скопски општини, ОГБ има најголема површина покриена со пластеници (54%), односно повеќе од 740 илјади квадратни метри, просечно тоа значи дека секое ИЗС има 1.276м$^2$ пластеници.

[35] Државен завод за статистика на РС Македонија, Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година
[36] Државен завод за статистика на РС Македонија, Попис во земјоделието во ОГБ, 2007 година

За начините на производство односно за потенцијалите на почвите во ОГБ, Факултетот за земјоделски науки и храна има изготвено студија за *Контрола на плодноста на почвите на дел од површините во ОГБ* која содржи корисни информации од анализа на почвите како и препораки за начинот на ѓубрење на земјоделските површини во општината за одделните најзастапени градинарски култури.

**Слика 16**: Структура на плодно земјоделско земјиште по општини во град Скопје, во % 2007г.[37]




Од добиените резултати од население кое одгледува растителни култури и/или добиток се потврдува дека одгледувањето на житните култури и производство на зеленчук (ран и касен) преовладува, а додека одгледувањето на добиток е само инцидентно за домашна употреба но не и за позначајно комерцијално производство.

Многу мал дел од население кое одгледува растителни култури и/или добиток вршат било каква обработка на сопственото производство.

Најголем дел од нив кои произведуваат за продажба го продаваат сирово (необработено, без дополнително додадена вредност) освен во исклучоци кога продаваат ракија и сирење.

[37] Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ Скопје, Контрола на плодноста на почвите,

## Економско активни претпријатија

**Табела 5:** Структура на активни деловни субјекти по сектори во општина Гази Баба, Скопје и РМ, 2017 година[38]

| | РМ | РМ % | СК | СК % | ОГБ | ОГБ % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **71519** | **100%** | **25442** | **100%** | **2745** | **100%** |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 2749 | 3,8% | 186 | 0,7% | 40 | 1,5% |
| **Рударство и вадење на камен** | 189 | 0,3% | 58 | 0,2% | 5 | 0,2% |
| **Преработувачка индустрија** | 7967 | 11,1% | 2385 | 9,4% | **350** | **12,8%** |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 165 | 0,2% | 107 | 0,4% | 12 | 0,4% |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 271 | 0,4% | 74 | 0,3% | 11 | 0,4% |
| **Градежништво** | 4747 | 6,6% | 1754 | 6,9% | **190** | **6,9%** |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 23716 | 33,2% | 7336 | 28,8% | **960** | **35,0%** |
| **Транспорт и складирање** | 5829 | 8,2% | 1845 | 7,3% | **369** | **13,4%** |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 4627 | 6,5% | 1276 | 5,0% | 119 | 4,3% |
| **Информации и комуникации** | 1618 | 2,3% | 1073 | 4,2% | 73 | 2,7% |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 440 | 0,6% | 245 | 1,0% | 12 | 0,4% |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | 552 | 0,8% | 332 | 1,3% | 30 | 1,1% |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 6618 | 9,3% | 3423 | 13,5% | **168** | **6,1%** |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 1650 | 2,3% | 1023 | 4,0% | 80 | 2,9% |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 267 | 0,4% | 129 | 0,5% | 3 | 0,1% |
| **Образование** | 1149 | 1,6% | 444 | 1,7% | 34 | 1,2% |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 3298 | 4,6% | 1060 | 4,2% | 90 | 3,3% |
| **Уметност, забава и рекреација** | 1305 | 1,8% | 610 | 2,4% | 46 | 1,7% |
| **Други услужни дејности** | 4362 | 6,1% | 2082 | 8,2% | 153 | 5,6% |

[38] Државен завод за статистика, Макстат база на податоци – сегмент деловни субјекти во ОГБ, град Скопје и РС Македонија, 2016 година

## Агробизнис

На територијата на општина Гази Баба постојат повеќе правни лица кои делуваат во областа на агробизнисот, почнувајќи од производство на примарни земјоделски производи, преработки на земјоделски производи како и трговија со земјоделски производи како:

- Производство на житни и фуражни култури
- Производство на зеленчук
- Производство на млеко
- Производство на живина
- Преработка на месо и месно производи
- Преработка и конзервирање на зеленчук и овошје
- Производство на грозје и вино
- Трговија на големо со зеленчук и овошје
- Трговија со житни култури и добиточна храна

На земјиштето со кое стопанисуваат правните субјекти претежно се застапени житните и фуражните култури, додека на земјоделското земјиште што е сопственост на приватни лица застапени се житните и градинарските култури со околу 80% од вкупното производство.

Лозарството и овоштарството е застапено во помала мера и претежно е за сопствени потреби меѓутоа има винарски визби која преработуваат грозје и производствени капацитети кои преработуваат овошје.

**Слика 17**: Структура на типови овошки во ОГБ според површина и број на стебла, 2007г.[39]




[39] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Попис на земјоделието во ОГБ во 2007г.

Во однос на производството на стока преовладува одгледување на крупен и ситен добиток и тоа (според пописот од 2007): говеда околу 1.900 грла, свињи над 2.000 грла и овци околу 3.000 грла, и над 19.900 броја на живина.

**Табела 6**: Структура на добиток во ОГБ според број на грла, 2007г.[40]

| | 2007г број во ОГБ | % од вкупен број во Скопје |
|---|---|---|
| **Кози** | **631** | **22%** |
| **Овци** | **3.036** | **24%** |
| **Говеда** | **1.972** | **25%** |
| **Свињи** | **2.125** | **41%** |
| **Живина** | **19.903** | **37%** |
| **Пчелни семејства** | **368** | **14%** |
| **Зајаци** | **560** | **22%** |

Од прехранбената индустрија постојат значајни ентитети кои се занимаваат со преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, живина и други месни производи, винарски визби итн. Исто така значаен број на компании во делот на кондиторската индустрија се лоцирани во ОГБ.

### Трговија

Трговијата и трговските друштва кои се занимаваат исклучиво со трговија на стоки како на големо така и на мало се застапени во општината во значаен број и играат огромен удел во економијата на општината. Најзначајната трговија на големо се одвива во делот на кондиторската индустрија, фармацевтската и хемиската индустрија, овошје и зеленчук, производи од металната индустрија, со месо и производи од месо, храна и прехранбени производи и друго. Додека трговија на мало најмногу се забележува во делот на храна и прехранбени производи, делови на моторни возила, и мешовита стока.

### Услуги и туризам

Во однос на услугите најзначајни во општината се транспортните услуги, услуги во областа на образованието, угостителските услуги и слично.
Бројот на ноќевања во Општини според податоците на Министерството за Економија, во 2007 година, 2% од вкупниот број на ноќевања во Македонија ( 37.967) се во ОГБ односно се наоѓа на десетто место по бројот на истите после најголемите туристички дестинации во општините Охрид, Струга, Гевгелија, па потоа општините Центар, Струмица, Битола, Дебар, Ресен и Карпош.
Приливот на туристи во општината е главно како резултат на саемскиот/ конференцискиот туризам. Транзитниот туризам исто така би можел да претставува значаен двигател на развојот во општината. Потенцијали за развој на туризам можат да се видат и во посета на парк шумата Гази Баба, ловење на дивеч, посета на археолошките наоѓалишта и локалитети како Тумба Маџари, неолитската населба во с. Брњарци, некрополата кај Хиподром, Тумба – Круша помеѓу селата Стајковци и Синѓелиќ, тврдината од римско време во с. Брњарци, некрополата на локалитетот Латина, локалитетот Кула во близина на с. Булачани, локалитетот Оградa, Чифлик, Камник, Рокомија, Смиљковце, Крши Дол, Селиште итн.

[40] Државен завод за статистика, МАКСТАТ база на податоци, Попис на земјоделието во ОГБ во 2007г.

## Инфраструктура

Општина Гази Баба има добра сообраќајна поврзаност и со останатите општини во Скопје, Македонија како и светот бидејќи Општина Гази Баба претставува "комуникациска и транспортна порта на градот Скопје", низ која поминуваат сите транспортни и комуникациски коридори за градот Скопје како економски, политички и културен центар на Република Македонија посебно поради заобиколницата околу Град Скопје како и поради меѓународните сообраќајни и транспортни коридори 8 (Е-65 Исток - Запад: Тирана - Скопје - Софија - Варна) и 10 (Е-75 Југ - Север: Атина - Скопје - Белград - Загреб - Минхен). Исто така на само 15 км оддалеченост, се наоѓа и најголемиот аеродром во Македонија - во Петровец.

Поради ваквата положба Општина Газа Баба има добро развиена инфраструктура посебно во урбаниот дел од општината кој дава и потенцијал за подобар развој на руралниот дел од ОГБ. Истовремено еден од основните проблеми во руралните делови од општината сепак се истакнува инфраструктурата.

Со подршка на Urban Partnership програмата на Светска Банка, во 2019г. Секторот за ЛЕР во соработка со Центарот за економски анализи го подготви документот „Citizen Engagement Report of MGB.

**Слика 18**: Граѓански Извештај за потребите на жителите во руралните населени места во ОГБ, 2019г.[41]




[41] Центар за економски анализи, Citizen Engagement Report of MGB – 2019г. подржано од Urban Partnership програмата на Светска Банка

**Слика 19**: Граѓански Извештај за потребите на жителите во руралните населени места во ОГБ, 2019г.[42]




Согласно жителите на руралните места во ОГБ, општината треба да се посвети на подобрување на комуналната и патната инфраструктура, како и инфраструктура за спорт и образование..

Ова констатација е потврдена и преку теренското истражување за оваа студија каде основен идентификуван проблем со највисок приоритет за населеното во руралните делови од ОГБ се инфраструктурните недостатоци – системите за отпадни води, патната инфраструктура и социјалната заштита – детски градинки – види слика 20.

[42] Центар за економски анализи, Citizen Engagement Report of MGB – 2019г. подржано од Urban Partnership програмата на Светска Банка

**Слика 20**: Приоритет на капитални инвестиции согласно мислењето на жителите од руралните населени места во ОГБ, 2019г.[43]




Добрата инфраструктура пак е неопходна за развој на било која дејност во руралните средини бидејќи достапноста и пристапноста се клучни фактори кои треба да бидат основа за развој на руралните средини во склоп на општината како и основен предуслов за било каква посериозна инвестиција.

Инфраструктура со стабилна електрична енергија, функционални системи за отпадни води, достапна водоводна мрежа, е сеуште недостаток за руралните средини во населените места во ОГБ. Поголем дел од потребите во оваа насока се предвидени преку соодветни решенија со стратегијата за ЛЕР на ОГБ.

[43] Центар за економски анализи, Citizen Engagement Report of MGB – 2019г. подржано од Urban Partnership програмата на Светска Банка

# 5. Можности и насоки за подобрување на социо- економската состојба

Развиените земји во последните дваесет и пет години драстично ги намалија инвестициите во земјоделството, но со последните драстични зголемувања на цените на храната во 2007-2008 кои ги шокираа националните економии, инвестициите во земјоделството се дуплираа и тоа посебно во земјите во развој, ако се знае дека три четвртини од сиромашните во светот живеат во рурални средини и фармерството е без сомнение најважната економска активност во сиромашните земји. Недостатокот на пристап на пазари е најголемата бариера за рурален развој, затоа што без стабилни пазари производителите тешко се мотивираат да произведуваат повеќе. Значајно зголемување на светското производство на храна, без дополнително трошење на земја и вода, ќе зависи многу од технологијата во следните децении вклучувајќи: наводнување капка-по-капка, производство без орање, поефикасно искористување на ѓубрива и пестициди, органско производство.

Од друга страна пак, ризик кој е во рацете на националните влади е искушението на "самодоволност". Пред последните драстични зголемувања на цените на храната во 2007-2008 година "обезбедена" храна (секој да има доволно да јаде) не е веќе приоритет, тука приоритет станува "самодоволноста" со храна (храна произведена дома). Ова на прв поглед и не е лоша политика се додека имаме компаративна предност да ја произведеме храната во земјата каде се консумира, но значењето на "самодоволноста" преминува во растечка недоверба на пазарите и трговијата преку се поголемо субвенционирање (неефикасно производство) што гради бариери и не е во ничиј интерес и претставува расипнички пристап

И додека ценовната криза може на национално ниво да биде индикатор за политики за "самодоволност" со храна, преку субвенционирање на производството со цел избегнување на идни кризи, очекуваната побарувачка на храна од 9 милијарди луѓе во 2050 кажува друго: земјоделското производство мора да биде што поефикасно, а тоа значи отворени пазари и трговија. Инвестициите во земјоделството се од голема корист, но уништувањето на земјоделските пазари и трговијата со храна би довело до глобална катастрофа.

## Можности за подобрување на економската ситуација

### Развој на агробизнисот и диверзификација на руралната економија

Имајќи ја во предвид целокупната состојбата на руралните средини во ОГБ, социјално-економската состојба како и диспаритетот помеѓу руралниот и урбаниот дел, неминовно е да се каже дека руралниот развој на општината потребно е да стане важен фокус за развој за општината. Можностите на ОГБ во делот на руралниот развој кои постојат треба да се развиваат во онаа насока во која се движи и целокупната национална стратегија за рурален развој која пак е во насока на подобрување на пазарната ефикасност, поддршка за развој на малите и средни претпријатија како и примена на стандардите на ЕУ за да руралните економии бидат конкурентни на европскиот пазар.

Во таа насока развојот на примарното земјоделство во општината треба да се движи во насока на професионализација на земјоделството имајќи ги во предвид значајниот број на земјоделски стопанства, а незначајниот број на евидентирани лица кои официјално се занимаваат со земјоделство. Ова пред се се должни на големиот број на лица кои не се занимаваат со земјоделство на професионално ниво туку истото им претставува само дополнителен приход за семејството. Од една страна ова претставува добар дополнителен генератор на приходи на семејствата во руралните

средини со мали парцели, а чиј основен приход е од друг извор, но истовремено претставува и нелојална конкуренција на веќе професионализираните земјоделци чиј основен приход е од производство, преку намалување на продажните цени на пазарот, неокрупнувањето како и разводнување на државните субвенции.

Имајќи ги во предвид мислењата на населението анкетирано за време на подготовката на подстратегијата, се гледа дека повеќе од половина од населението кое преферира да живее на село и да работи во земјоделство се луѓе постари од 55 години, додека пак младото население до 24 годишна возраст преферира да живее на село, но не и да работи во земјоделството, што може да укаже на слабата репутација на примарното земјоделство кај младата популација поради досегашните релативно лоши услови во земјоделството што може да биде и потенцијална пречка за преземање на напори за вработување на младото население во земјоделството[44].

Имајќи ја во предвид расцепканоста на земјоделските посеви на национално ново, и овде можноста за поефикасно производство е во здружување на индивидуалните производители во групи на производители, задруги, и кооперантски здруженија за постигнување на подобри резултати. Истовремено примарното производство преку поддршка и учество во таквите форми на здружувања кои имаат комерцијални цели потребно е да се стремат кон стандардизација на производството преку користење на квалитетен сертифициран саден материјал, примена на модерни агротехнички мерки, имплементација на стандарди во примарното производство како GlobalGAP, производство на финален производ кој има додадена вредност и организирана, планирана продажба и маркетинг на финалниот производ посебно за европскиот пазар. Поддршка во едукација како и ефикасни советодавни услуги во земјоделство кои би биле присутни на терен би имале значаен позитивен ефект врз производството на земјоделските култури. Окрупнувањето на земјишните посеви е резултат на професионализација во земјоделството, а со постигање на значајни производни површини од даден производ истите ќе имаат мотивација за здружување во организации, ќе бидат "интересни" за откупувачите (преработувачи и извозници), а истовремено ќе имаат и значително посериозни форми на поддршка преку користење на средствата од националните програми за рурален развој како и средствата од претпристапните европски фондови кои се наменети за одржлив и сериозни ентитети како и понатаму во програмата за групи на производители, преку кои би се достигнало ниво на конкурентност на производи прифатливи за европскиот пазар.

Лошата и недоволно развиена инфраструктура во руралните средини, стареењето на населението кое се занимава со земјоделски дејности, застарената агромеханизација и технологии, неорганизираноста во групи на производители, како и неорганизираниот откуп на производи се главните пречки за кои е потребна поддршка за унапредување и подобрување на примарното производство. Посебен удел при поставувањето на основите за подобрување на руралниот развој преку поддршка на земјоделството кој е во надлежност на општината е во делот на унапредување на инфраструктурата. Инфраструктурните зафати се капитално значајни зафати кои исто така барат и време. Општината во своите усвоени планови и како дел од други стратешки документи предвидува и планира подобрување на инфраструктурата.

Освен свежите земјоделски производи, прехранбената индустрија во Македонија преставува перспективна и надежна индустрија која заедно со винариите имаат значаен удел во извозот на земјоделски производи. Преработувачките капацитети како што се за овошје и зеленчук, млеко и месо се сметаат за најпотенцијалните сектори на

[44] Центар за економски анализи, Подстратегија за рурален развој на ОГБ за периодот 2009 -2012 година

нашето земјоделство и се идентификувани и како стратешки сектори за поддршка од европскиот инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД). Во ОГБ постои значаен капацитет и потенцијал за унапредување на овие сектори како во делот на примарното земјоделство така и во подобрување на бизнис климата за преработувачките и другите агробизнис капацитети кои даваат дополнителна вредност на производството.

Општината може и треба да се заложи за подобрувањето на деловното опкружување за унапредување на овие потенцијални земјоделски сектори преку овозможување на поефикасни административни процедури во делот каде е надлежна (како на пример градежни дозволи, заштита на влијанието врз животната средина итн.), унапредување на инфраструктурата за поттикнување на инвестициите во руралните средини и подобрување на животните услови, едукација и промовирање на можностите на руралните средини на ОГБ, преземање на економски исплатливи инвестиции во форма на јавно-приватни партнерства итн.

## Руралниот развој во ЕУ

Деветте цели за Заедничката Земјоделска Политика на ЕУ:

- Да осигура фер приход за фармерите;
- Да ја зголеми конкурентноста;
- Ребалансирање на моќта на синџирот на производство на храна;
- Акција за климатски промени;
- Грижа за животната средина;
- Заштита на пејсажот и биодиверзитетот;
- Поддршка на генерациското обновување;
- Живописни рурални области;
- Да го заштити квалитетот на храната и здравјето на луѓето.

**Слика 21**: Деветте цели на заедничка земјоделска политика на ЕУ (9 Objectives of CAP – Common Agricultural policy of EU in 2020), во 2020 година[45]




[45] Common Agricultural Policy of EU, 2020 - https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/future-cap_en#objectives

### Руралниот развој и САР на ЕУ (Common Agricultural Policy of EU) – ЕУ состојба

**Табела 7**: Учеството на Common Agricultural Policy трошоците во вкупните ЕУ трошоци (2011 постојани цени), 1980 – 2018 година[46]




Заедничката земјоделска политика на ЕУ (САР[47]) со последните реформи се основа на принципите "силни економски перформанси", но истовремено и "одржливо искористување на природните ресурси". Земјоделството како и луѓето кои живеат во руралните средини се исклучително важни посебно ако се знае дека околу 91% од целата територија на Европската Унија е рурална и во неа живее над 56% од вкупната популација на ЕУ, а последователно земјоделството и шумарството како најголеми "корисници" на земјиштето играат значајна улога во управувањето на природните ресурси во руралните средини и одредуваат како ќе изгледа руралната средина.

Истовремено, земјоделството заедно со агробизнисот - со прехранбената индустрија, претставува околу 14% од вкупниот производствен аутпут на ЕУ со вредност на производството од над 675 милијарди ЕУР со што овој сектор е трет најголем работодавец во Европа и втор најголем извозник на храна во светот[48].

[46] https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/farming/facts-and-figures/financing/cap-expenditure_en
[47] Common Agricultural Policy
[48] http://ec.europa.eu/agriculture/index_en.htm

Заедничка земјоделска политика на ЕУ после 2020г. се базира на:

1. Подобро таргетирање за поправичен договор

За да се обезбеди стабилност и предвидливост, поддршката за приходот ќе остане суштински дел од CAP на ЕУ. Дел од ова, основните плаќања ќе продолжат да се засноваат на големината на фармата во хектари. Сепак идната CAP на ЕУ сака да ги промовира малите и средни фарми и да ги охрабри младите земјоделци да се приклучат на оваа професија преку:

- повисоко ниво на поддршка по хектар за мали и средни фарми;
- да се намали уделот на директни плаќања примени над 60,000 € по фарма и да се ограничат плаќањата на 100,000 € по фарма, со цел да се обезбеди поправична распределба на плаќањата;
- минимум 2% од исплатите за директна поддршка, доделени на секоја земја од ЕУ, ќе бидат издвоени за млади земјоделци, надополнети со финансиска поддршка во рамките на руралниот развој и мерки што го олеснуваат пристапот до трансфери на земја;
- Земјите на ЕУ треба да обезбедат поддршка само на автентичните земјоделци.

2. Повисока амбиција за активности поврзани со животната средина и климатските промени

Земјоделците играат клучна улога во справувањето со климатските промени, заштитата на животната средина и зачувувањето на пејзажите и биолошката разновидност. Во својот предлог, Европската комисија поставува големи амбиции за животната средина и климатските промени. Задолжителните барања вклучуваат:

- зачувување на почвите богати со јаглерод преку заштитени мочуришта и тресетници ;
- задолжителна алатка за управување со хранливи материи за подобрување на квалитетот на водата, намалување на нивото на амонијак и азотен оксид;
- ротација на земјоделски култури наместо диверзификација на земјоделски култури.

Земјоделците ќе имаат можност да придонесат понатаму и да бидат наградени за надминување на задолжителните услови. Земјите на ЕУ ќе развијат доброволни еко – шеми за поддршка и поттикнување на земјоделците да ги применуваат земјоделските практики корисни за климата и животната средина.

3. Земјоделците во срцето на европското општество

Земјоделците се во срцето на руралните заедници во Европа, обезбедувајќи витални јавни добра. Идната CAP на ЕУ предлага да се зајакне развојот на руралните области со:

- помагање на новите генерации на земјоделци да се приклучат на оваа професија, преку менторство на младите земјоделци од поискусните, подобрување на трансферот на знаење од една генерација на следната или развој на последователни планови;

- поттикнување на земјите од ЕУ да направат повеќе на национално ниво, на пример преку пофлексибилни правила за оданочување и наследство, да го подобрат пристапот до земјиште за младите земјоделци;
- поставување построги барања за безбедност на храна и квалитет на земјоделците, со давање финансиска поддршка само кога се придржуваат кон правилата за намалување на употребата на пестициди или антибиотици на пример.

4. Нов начин на работа

Европската комисија предлага пофлексибилен систем, поедноставување и модернизирање на начинот на кој работи CAP на ЕУ. Политиката ќе го пренасочи акцентот од усогласеноста и правилата кон резултати и перформанси.

Преку стратешките планови, државите ќе утврдат како тие имаат намера да ги исполнат 9-те цели ширум ЕУ со користење на CAP инструменти, за да одговорат на специфичните потреби на нивните земјоделци и руралните заедници.

Новиот начин на работа исто така ќе повлече:

- рационализирање на административните процеси: земјите треба да достават само еден стратешки план што опфаќа директни плаќања, рурален развој и секторски стратегии;
- олеснување на заштитата на животната средина: преку збир на стандарди и цели на ниво на ЕУ, секоја земја ќе ги прилагоди еколошките и климатските активности со реалноста на теренот;

поедноставување на поддршката за младите земјоделци, единствен план ќе овозможи доследно дејствување за генерациско обновување што опфаќа и директни плаќања и рурален развој. Покрај тоа, младите земјоделци ќе имаат полесен пристап до комплементарни приходи и поддршка за инсталација бидејќи критериумите за подобност на ЕУ ќе бидат намалени.

5. Зголемување на иновациите

Знаењето и иновациите се неопходни за паметен, отпорен и одржлив земјоделски сектор. CAP на ЕУ во иднина ќе охрабри зголемени инвестиции во истражување и иновации и ќе им овозможи на земјоделците и руралните заедници да имаат корист од тоа.

Затоа, неопходно е да се изградат посилни земјоделски системи за знаење и иновации (AKIS – agricultural knowledge and innovation system) за да се зајакне иницирање и развој на проекти за иновации, да се дистрибуираат нивните резултати и да се користат што е можно пошироко. Вклучувањето на националните стратегии на AKIS во стратешките планови на CAP на ЕУ, како што е наведено во членот 102 од предлогот за регулатива за утврдување на правила за поддршка на стратешките планови што треба да ги изготват земјите од ЕУ во рамките на CAP, ќе го поттикне структуирањето и организацијата на националниот екосистем за иновации.

Обезбедувањето постоење на добро функционирање на AKIS низ цела ЕУ, избегнува дуплирање на напорите, заштедува трошоци, го зголемува влијанието на ЕУ и националното / регионалното финансирање и ја забрзува иновацијата.

Успешните стратегии на AKIS вклучуваат четири главни групи на активности:

1. подобрување на протокот на знаење и зајакнување на врските помеѓу истражувањето и практиката;

2. зајакнување на сите советодавни услуги за фармите и зајакнување на нивната интерконекција во рамките на AKIS;
3. зајакнување на меѓутематска и прекугранична интерактивна иновација;
4. поддршка на дигиталната транзиција во земјоделството.

Европската комисија предложи да издвои 10 милијарди евра од програмата HORIZONT EUROPE за истражување и иновации во храната, земјоделството, руралниот развој и биоекономијата. Земјоделското европско партнерство за иновации (ЕИП-АГРИ) ќе продолжи да користи извори на финансирање од Хоризонт Европа и Рурален Развој на ЕУ за поттикнување на конкурентно и одржливо земјоделство и шумарство.

## Руралниот развој во Македонија

Мерки на политиките за рурален развој во РС Македонија:

- обезбедување на доволно национални и ЕУ средства за развојот на земјоделството и руралните средини;
- понатамошно јакнење на мерките за рурален развој кои ќе изнесуваат најмалку 35% од вкупно издвоените средства наменети за кофинансирање на инвестициите за модернизација и прилагодување на стопанствата и преработувачите кон стандардите на унијата, диверсификација на економските активности во руралните средини, развивање на ЛИДЕР пристапот и во најголем дел за подобрување на руралната инфраструктура и особено наводнувањето;
- обезбедување на постепено преминување на постојната шема на директните плаќања кон „декаплинг" шемата на директни плаќања;
- зголемување на зелената компонента на македонското земјоделство со сериозен акцент на условеноста на директни плаќања со барањата за вкрстена сообразност и проширувањето на агроеколошките мерки;
- понатамошно надградување на хоризонаталните системи пред се елементите на ИСАК, ФАДН и ЗПИС во насока на постигнување на целосна усогласеност согласно европските прописи и нивна подобрена корисност во креирањето и следењето на политиките;
- поддршка на малите семејни земјоделски стопанства и особено зајакнување на нивното пазарно присуство преку формирање на задруги;
- поддршка за младите земјоделци со надополнување на основните, со дополнителни плаќања од 5% за првите 5 години од превземањето на стопанството;
- обезбедување на функционалност на системот за поддршка на групи и организации на производители;
- подобрување на вертикалната интеграција преку т.н. интегрирани проекти за јакнење на пазарнатите синџири;
- воведување на елементи на Заедничката оганизација на пазарите (Common Market Organizations) преку формирање на пазарни одбори за дефинирани пазари и воведување на инструменти на ограничено регулирање на пазарот само во услови на изразени кризни состојби;

- имплементација на минималните стандарди за квалитет претходно усогласени со европското законодавство и обезбедување на целосно функционалност на системот на заштита на квалитетот;
- понатамошно зајканување на функциите на Агенцијата за храна и ветеринарство и останатите чинители во достигнување на висок степен на усогласеност со европските политики за безбедност на храната во спроведување на веќе прилагодената легислатива, особено во: политиките на ефикасна здравствена заштита на животни и мониторинг на болести, имплементација на системот за нештетно отстранување на нус-производите од животинско потекло, примена на стандардите од страна на операторите согласно категоризацијата и вклучување на земјоделските стопанства, подобрување на квалитетот на млекото, спроведување на мониторинг програмите и следење на нивото на резидуи, благосостојба на животните, ветеринарно-медицинските препарати, воведување на системот пасоши на растенијата, заштита на потрошувачите, итн;
- воспоставување на Национален советодавен систем во земјоделството усогласен со препораките за Farm advisory system и воведување на систем за задолжителни обуки и едукација во земјоделството;
- превземање на мерки за намалување на влијанието на климатските промени како дел од политиките на финансиска поддршка;
- спроведување на мерки за ефикасното справување со отпадот, производството и употребата на енергија од обновливи извори и подобрување на енергетската ефикасност;

## *Руралниот развој – состојба во Македонија*

Руралниот развој во овој период како значаен двигател на развојот во руралните средини во склопот на националната стратегија главно се сведува на планови за воспоставување на структури за планирање на руралниот развој во периодот кој следува, а додека диверзификацијата се гледа како поддршка во маркетинг и пост-бербени активности и се сведува на програмата на ЕУ за претпристапна помош во руралниот развој во истиот период.

Ова укажува на ниското ниво на споредливост на развојот на земјоделството и руралниот развој на Македонија и ЕУ како и на природата и целите на земјоделските политики на Македонија и ЕУ, иако во следниот период Македонија ќе треба да ги хармонизира со Заедничката земјоделска политика (CAP) иако овој сектор има значителен удел во националната економија процентуално наликува со некои податоци на ЕУ. Имено, 90% од територијата на Македонија се смета како рурална во кој живее 58% од населението, земјоделството заедно со агробизнисот, претставува

околу 14%[49] од вкупниот БДП во 2017г,, учествува со повеќе од 15% од вкупниот извоз и секторот на примарното земјоделство со преработувачката индустрија на земјоделски производи вработува 14% од вкупните вработени лица во Македонија[50]. За жал, доколку направиме тренд анализа, вработувањата кои ги генерира оваа гранка во последниве неколку години имаат надолен тренд[51].

**Слика 22** : Учество на секторите во создавањето на БДП во РС Македонија, во %, 2017г.[52]




Диверзификација на активностите во руралните средини во Македонија во овој момент речиси и не постои и не е значаен генератор на приходи и/или дополнителни приходи за руралните семејства поради значаен број на фактори, меѓутоа сепак се јавуваат индивидуални, неорганизирани и пионерски обиди на диверзификација на приходите во руралните средини како што се развој на рурален туризам, традиционални занаети и слично.

[49] Државен завод за статистика, Макстат база на подаци, Сегмент БДП според сектори во 2017 година - Примарното земјоделско производство заедно со преработките на земјоделски производи

[50] 67.000 редовно вработени кои се 14%, а дополнителни 109.000 лица на сезонските работници кои се ангажирани повремено и лицата на кои земјоделството им претставува дополнителен приход

[51] Вкупниот број на вработени во примарниот сектор и преработувачките капацитети од 2000 година кога изнесувал 73.969 лица, во 2004 опаднал на 54.493 за во 2006 година да достигне бројка од 64.068 лица, според статистичките податоци на ДЗС

[52] Државен завод за статистика, Макстат база на податоци – сегмент БДП, 2017 година

**Табела 8:** Економски сметки во земјоделието во РС Македонија, по тековни цени, во милиони денари, 2015 - 2017г.[53]

| Економски сметки во земјоделието, во милиони денари | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 01 Жита | 5,800 | 6,355 | 4,536 |
| 02 Индустриски растенија | 4,438 | 4,615 | 4,753 |
| 03 Фуражни растенија | 5,762 | 6,564 | 5,758 |
| 04 Градинарски производи | 28,931 | 27,445 | 26,191 |
| 05 Компири | 2,732 | 2,514 | 2,359 |
| 06 Овошје | 9,310 | 9,119 | 5,816 |
| 07 Вино | 3,956 | 3,110 | 2,192 |
| 10 Растително производство (01 до 07) | 60,929 | 59,722 | 51,605 |
| 11 Добиток | 8,408 | 8,437 | 8,406 |
| 12 Добиточни производи | 10,499 | 11,309 | 10,785 |
| 13 Добиточно производство (11+12) | 18,907 | 19,745 | 19,192 |
| 14 Производство на земјоделски производи (10+13) | 79,835 | 79,467 | 70,797 |
| 15 Услуги во земјоделството | 419 | 414 | 365 |
| 16 Земјоделско производство (14+15) | 80,254 | 79,881 | 71,162 |
| 17 Неземјоделски секундарни дејности (неделиви) | 1,786 | 2,262 | 1,975 |
| 18 Субвенции на производи | 5,720 | 5,659 | 6,292 |
| 19 Производство на земјоделската „деловна гранка“ (16+17+18) | 87,760 | 87,802 | 79,429 |
| 20 Вкупна меѓуфазна потрошувачка | 35,900 | 36,277 | 34,522 |
| 21 Бруто-додадена вредност по основни цени (19-20) | 51,860 | 51,524 | 44,907 |
| 22 Амортизација на основни средства | 4,240 | 4,492 | 4,090 |
| 23 Нето-додадена вредност по основни цени (21-22) | 47,620 | 47,032 | 40,817 |

**Колку диверзификацијата зависи од нивото на развој на примарното земјоделство. Руралниот развој во Македонија: диверзификација или унапредено примарно производство?**

Кога станува збор за диверзификација во контекст на руралниот развој обично се зборува или за потребата за промени на комбинацијата од земјоделски активности на самата фарма (земјоделското стопанство) или за промени за развој на индустрии во руралните средини но, на оние индустрии кои не се зависни од фармите. Додека првата форма на диверзификација се јавува како потреба на намалување на ризикот од зависноста од само еден вид на производство за заштита од нестабилна продажба на домашните и странските пазари, додека втората форма на диверзификација се јавува како потреба за изнаоѓање на алтернатива за вработување на жителите на руралните средини надвор од земјоделството, но во самите рурални средини без нивно мигрирање во градовите. Во двата случаи диверзификацијата има за цел да се промени природата на вработувањата во руралните средини, а не само да се овозможи на една индивидуа или семејство да работи во повеќе професии[54].

Се поставува прашањето, дали Македонија треба да го искористи овој период пред влегувањето во ЕУ целосно кон унапредување на примарното земјоделство и

[53] Државен завод за статистика, Макстат база на податоци, сегмент – Економски сметки во земјоделието по тековни цени, производна сметка во РС Македонија, во милиони денари, 2015 – 2017 година

[54] Rural Livelihoods and Diversity in Developing Countries, Frank Ellis, Oxford University Press, 2000

агробизнисот или уште сега да се насочи кон диверзификација на активностите на населението во руралните средини следејќи ја политиката на ЕУ.

Имајќи го во предвид нивото на развој на нашите земјоделски стопанства, нивната ниска примена на модерни и нови технологии, расцепканоста на производните површини и следствено малото и неефикасно производство кое многу малку може да биде конкурентно на европскиот отворен пазар со пристапувањето во ЕУ, уште на тоа ако ги додадеме и ниското ниво на примена на европските стандарди, логиката за брза ориентација на нашиот рурален развој кон диверзификација наспроти концентрација на унапредување на земјоделството може да не донесе до ситуација на низок развој на примарно производство што значи комплетна неконкурентност и изумирање. Истовремено и домашната прехранбена индустрија која врши преработка на примарните производи може да се најде во ситуација на немање на суровини од домашно потекло. Следствено на тоа, резултатот ќе биде и слабо ниво на диверзификација затоа што диверзификацијата значи најпрво искористување на сите можности што ги нуди примарното земјоделство, а дури потоа изнаоѓање на активности кои ќе го дополнуваат приходот на земјоделските стопанства на и надвор од нив.

Од друга страна пак, концентрирањето на македонското земјоделство во следниот период кон унапредување на примарното земјоделство преку имплементирање на политики кои се стремат кон подобрување на квалитетот на земјоделските производи преку воведување на нови технологии кои резултираат со поефикасно производство и професионализација на земјоделството ќе овозможи поголема конкурентност на македонските земјоделски производи на европскиот пазар при отворањето на истиот. Истовремено зголеменото производство и ефикасност, како и професионализација на примарното производство ќе значи и подобра снабденост и искористеност на капацитетите на секундарното земјоделство, односна на прехранбената индустрија која претставува важен сектор за надворешната трговија на земјата. Дури тогаш при искористени потенцијали на примарното производство како начин на постигнување на рурален развој диверзификацијата можеби би имала поголема вредност.

Дилемата за тоа дали руралниот развој во овој период треба да се концентрира на унапредување на примарниот сектор или на диверзификација на земјоделството е прашање на политичка одлука и креирање на политиката за рурален развој. Свесни за тежината на оваа прашање, но исто така и дека ваква дебата е надвор од мандатот на општините, сепак сметаме дека е релевантно прашање кое треба да се напомене и во оваа прилика.

За да се одговори на ова отворено прашање потребно е да се изработи посебна студија при што добиениот одговор е од значителна важност за позиционирањето на општините во Македонија во однос на руралниот развој но и на други оператори во секторот.

Затоа можеби е потребно креирање на национална политика за рурален развој во периодот пред пристапување кон ЕУ која ќе биде првенствено фокусирана и во склад со политиката за развој на примарното земјоделството и агробизнисот со цел подобрување на конкурентноста на примарниот сектор и обезбедување на услови за унапредување на квалитетот на животот во руралните средини, а дури потоа да се фокусира на диверзификација на руралната економија која ќе овозможи полесно приклучување на земјоделскиот сектор и на руралните средини кон отворениот европски пазар во чија конкурентност се повеќе и повеќе се инвестира.

**Табела 9**: Позитивни и негативни страни од унапредување на примарното производство [55]

| + | - |
|---|---|
| ***Примарно производство*** | |
| *Зголемена ефикасност на производство* | *Неискористување на сите можности во руралната средина* |
| *Професионализација на земјоделството* | *Нема намалување на ризикот преку диверзификација на приходите* |
| *Зголемена конкурентност на странски пазари* | *Оддалечување од степенот на диверзификацијата со ЕУ* |
| *Квалитетна суровина за преработувачката индустрија* | |
| *Зголемена додадена вредност на финални производи* | |

**Табела 10**: Позитивни и негативни страни од диверзификација на земјоделието и руралниот развој[56]

| + | - |
|---|---|
| ***Диверзификација*** | |
| *Намалена миграција село - град* | *Тешкотии со менување на менталитет на луѓето* |
| *Иновации, претприемништво и туризам* | *Изгубено примарно производство* |
| *Зачувување традиционални занаети* | *Зголемена зависност од увоз на храна* |
| *Приближување до CAP* | |

[55] ЦЕА – Центар за економски анализи
[56] ЦЕА – Центар за економски анализи

## Просечна големина на земјоделските стопанства во дел од ЕУ пред да станат нејзини членки

**Табела 11:** Просечна големина на фарма на земјите членки на ЕУ пред пристапување[57]

| | Кандидати Членки (година на податоци) | # на земјоделски стопанства | Просечна големина на ЗС[58] -Физички лица (ha) | Просечна големина на ЗС -Правни лица (ha) |
|---|---|---|---|---|
| ***ЕУ 15*** | ***2001*** | ***6.800.000*** | ***19*** | |
| Бугарија | 2000 | 760.700 | 0,9 | 535,7 |
| Кипар | 1994 | 52.087 | 3,6 | |
| Чешка | 2000 | 56.487 | 18 | 886 |
| Естонија | 2001 | 261.700 | 0,18 | 20,1 |
| Унгарија | 2000 | 966.916 | 4 | 311,9 |
| Латвија | 1998 | 124.900 | 12,8 | 487 |
| Литванија | 2001 | 537.000 | 7 | |
| Полска | 2000 | 1.880.900 | 7,2 | |
| Романија | 1998 | 3.946.630 | 2,67 | |
| Словачка | 2001 | 6.695 | 36 | 1322 |
| Словенија | 1997 | 90.675 | 4,8 | 370 |
| Турција | 2001 | 3.000.000 | 6 | |
| Македонија[59] | 2007 | 192.378 | 1,4 | |

Ако ги разгледаме податоците од земјите кои денес се дел од ЕУ во времето кога се подготвувале за нивното пристапување кон Европската Унија и биле кандидати за пристап кон ЕУ, како што е и Македонија во моментот, генерално можеме да забележиме голема варијација на големината на земјоделските фарми помеѓу самите кандидатки но, забележливо е и дека нивната големина за поголемиот број на земји била помала од просекот на ЕУ-15 пред нивното пристапување.
Причините за варијациите на големината на земјоделските површини се повеќе бројни, но истата зависи пред се од големината на територијата на земјата како и на традицијата на производство на земјоделски култури. Меѓутоа значаен фактор исто така е и (не)постоењето на претходниот социјалистички систем кој во значаен број на

---

[57] За оние земји каде не постои поодделен податок за физички и правни лица просекот на земјоделското стопанство е на национално ниво без разлика на формата на сопственост врз земјоделски стопанства. Истовремено податоците се базираат на податоци кои ги собирала ЕУ (http://ec.europa.eu/agriculture/index_en.htm) кои пак се базираат на национални податоци пред пристапување кон ЕУ и можни се дискрепанции посебно во методите на мерење на национално ниво

[57] ЗС – Земјоделско стопанство (Земјоделско стопанство е организационо и деловно заокружена стопанска целина на која се врши земјоделска дејност и за која се води евиденција во МЗШВ поседува и/или располага со земјоделски имот. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно лице и/или семејно земјоделско стопанство. Закон за Земјоделство и Рурален Развој, Сл. Весник на РМ 134/2007)

[58] ЗС – Земјоделско стопанство (Земјоделско стопанство е организационо и деловно заокружена стопанска целина на која се врши земјоделска дејност и за која се води евиденција во МЗШВ поседува и/или располага со земјоделски имот. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно лице и/или семејно земјоделско стопанство. Закон за Земјоделство и Рурален Развој, Сл. Весник на РМ 134/2007)

[59] Податок пресметан од Земјоделски Попис 2007, ДЗС, како однос од користено земјоделско земјиште и бројот на индивидуални земјоделски стопанства. Додека односот на вкупно користеното земјиште и бројот на парцели во Македонија изнесува 0,42ха

горе наведените земји имал удел во парцелизацијата на земјиштето, како и традицијата на делење на земјиштето при наследство на имотот.
Исто така, може да се види дека правните лица (од економски причини) во сите земји поседуваат значително поголеми површини од физичките лица кои изнесуваат и по десетици пати поголеми просеци отколку површините на земјоделските стопанства во сопственост на физичките лица. Меѓутоа, бројот на земјоделски стопанства во сопственост на правните лица е секогаш неспоредливо помал од бројот на малите фамилијарни земјоделски стопанства.
Просечната големина на едно македонско земјоделско стопанство (вклучувајќи ги и правните и физичките лица) изнесува 1,4ха кое претставува исклучително мала површина за да биде конкурентна на ЕУ пазарот со пристапување кон истиот и претставува релативно низок просек на големина пред пристапување споредено со земјите кои веќе се дел од ЕУ речиси две децении. Се очекува тренд на намалување на вкупниот број на земјоделските стопанства, но зголемување на просечната големина на земјоделските стопанства во периодот до и по пристапување кон ЕУ. Овој тренд е забележан кај сите горе наведени земји кои се веќе дел од ЕУ по нивното пристапување кон унијата. Причината е поради зголемената конкуренција на отворениот пазар, професионализацијата, модернизација, како и политиките на унијата кои се однесуваат на земјоделството, со кое генерално се издвојуваат значајни средства за поддршка на земјоделското производство но, наменети се за одржливи фарми кои пак имаат одредена минимална големина за да бидат исплатливи и конкурентни. Затоа, посебно е важно македонските земјоделски стопанства што побрзо и поинтензивно да ги искористат можните алтернативи за окрупнување на нивната големина (партнерства, професионализација, задругарство итн.) за да бидат што поспремни со секој чекор на отворање на пазарите односно со зголемување на конкуренцијата и во делот на земјоделството и руралниот развој.
Руралниот туризам пак е сектор чии потенцијали се недоволно искористени како на национално така и на локално ниво. За искористување на можностите на ОГБ за развој на руралниот туризам во било која форма најпрво потребно е да се изврши мапирање на сите оние атрактивни и потенцијални капацитети кои ќе придонесат кон иницирање на инвестиции во делот на руралниот туризам како што се сместувачки капацитети, објекти за гастрономија и забава, настани и манифестации, културни институции, верски објекти, археолошки објекти, природни убавини и паркови, споменици на културата, спортско рекреативни комплекси и ловишта, шопинг центри, легенди и преданија, архитектура, сервисни услуги и информации, и други поважни информации за домашни и странски туристи. Посебен акцент при мапирањето треба да се стави и на можностите за економско искористување на уникатни и вредни аспекти од селската традиција, култура, знаења и слично.
Најголем потенцијален ефект при поддршка на традиционални, културни, природни и слични богатства преку развој на туризам и туристичка понуда во рурална средина ќе имаат фамилијарните бизниси, занаети и слично кои имаат најголем потенцијал да ја заживеат руралната средина посебно кога треба да очекуваме значаен тренд на уште помасовно намалување на бројот на лица со мали посеви да го напуштат примарното земјоделство како извор на приходи во руралните средини.
Имајќи ги во предвид природните и културните ресурси со кои располага ОГБ, руралниот туризам треба да се фокусира кон развој на содржини за рекреација, спорт, трекинг, велосипедизам, планинарење и други иновативни содржини како и развој на фамилијарни услуги на село кои би придонеле кон диверзификација на економските активности во руралните средини. Истовремено, развивање на дополнителни содржини за потенцијалните туристи треба да се во насока на спортско – забавни настани како и еколошки туризам и гастрономија. Искористување на сместувачки капацитети посебно во оние викенд населби кои веќе се формираат, кетеринг услуги и понуда на локални специјалитети се првите чекори кои би го поттикнале руралниот

туризам. Како што беше споменато, изобилството на археолошки објекти исто така би можеле да станат интересно место за посета. Плановите за развој на еко-паркот Раштак, прогласувањето на локалитетот Острово за заштитено подрачје- споменик на природата се исто така можност за развој на еколошкиот туризам во општината.

Промовирање, едукација, поддршка за диверзификација на економски активности во рурални средини ќе има најголем придонес за развој на индивидуалните фарми/земјоделски стопанства, микропретпријатијата, задругите и другите форми на здружување кои би придонеле кон развој на руралниот туризам, мали преработувачки капацитети на фарма за традиционални производи карактеристични за дадените населени места, традиционални занаетчиски дејности и услуги поврзани со земјоделството и руралната популација, на кој начин би се диверсифицирале приходите на земјоделските стопанствава кои не се доволно големи да бидат рентабилни, а зависат само од примарното земјоделство, а истовремено би се отвориле можности за креирање на нови микропретпријатија, фамилијарни бизниси и ќе се овозможат нови вработувања. На овој начин преку поддршка на такви фамилијарни микропретпријатија се потпомага диверзификацијата и мултифункционалноста на земјоделството во руралните средини преку кои се зачувуваат руралните економии како и културно наследство на истите. Ваквите иницијативи и идеи вклучувајќи ги и занаетите се област која исто така ќе биде финансирана од ИПАРД инструментот за претпристапна помош.
Државата секоја година од буџетот издвојува средства за финансирање на земјоделството и руралниот развој. Согласно Законот за земјоделство и рурален развој и други закони, државната поддршка за земјоделството и руралниот развој која проектирана во петгодишната програмата за следниот период, ги опфаќа следниве шеми на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со дадените претпоставени суми на поддршка:

(1) директни плаќања
(2) уредување на пазарите на земјоделските производи,
(3) капиталните грантови за рурален развој (финансирани од национални и европските ИПАРД средства),
(4) поволно рурално кредитирање, и
(5) државна помош во земјоделството и руралниот развој, вклучувајќи и мерки за техничка помош.

**Табела 12**: Структура на буџетска подршка на земјоделието и руралниот развој во РС Македонија, 2012 – 2017 година[60]

| **Извори на средства (милион €)** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015-2017** |
|---|---|---|---|---|
| Буџет на РМ за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарството | 130 | 135 | 140 | 150 |
| ИПАРД | 3 | 3 | 5 | 5 |
| Субвенционирани советодавни служби (буџет на АПРЗ) | 1,1 | 1,2 | 1,4 | 1,5 |
| **Вкупно** | **134,1** | **139,2** | **146,4** | **156,5** |

Вредноста на буџетската поддршка за развој на земјоделството и руралниот развој во послените години значајно порасна. Според програмата во следниот период од пет години ќе продолжи со истиот нагорен тренд. Планираната буџетска поддрка во 2015г достигна 150 милиони ЕУР, дополнителни средства од 5 милиони ЕУР за развој на секторот беа достапни преку ИПАРД и 1,5 ЕУР преку советодавните служби на АПРЗ

[60] Буџет на РС Македонија, ИПАРД Агенција

со што висината на средства наменети за развој на овој сектор достигна 156,5 милиони евра во 2015година.

### Инфраструктура

Како што беше напомнато, за инфраструктурата во руралните населени места во ОГБ е потребна значителна инвестиција за нејзино унапредување. Инфраструктурата како една од најважните фактори за развој е идентификуван проблем во стратегијата за локален економски развој и во однос на истата ОГБ во акциониот план на стратегијата има планирано значаен број на инфраструктури активности кои имаат за цел да се унапредат и подобрат условите за живеење во ОГБ но и да се создадат повеќе услови за инвестирање во бизниси кои ќе ја зачуваат локалната култура и ќе ги намалат мигрирањето од руралните во урбаните средини на населението.

## Можности за финансирање на руралната економија

### Атрактивност за деловен развој и инвестиции

ОГБ е општина во која има голем број на правни лица и кои сметаат дека урбаниот дел на општината преставува атрактивна локација за инвестиции. Сепак руралниот дел од општината не претставува толку атрактивно место за инвестиции. За таа цел потребно е општинската администрација да се залага во имплементација на проекти и активности кои ќе го зголеми интересот на приватните инвеститори да инвестираат во овие делови од општината. Искуството во другите земји покажува дека сепак најголемите и најважните двигатели на руралниот развој се фамилијарните бизниси во руралните средини. Со цел да се поттикнат и зголемат можностите за нови микро и мали бизниси потребно е најпрво подигање на свеста на населението за можностите во руралните средини, промоција на можностите за инвестиции во руралните средини преку креирање на локални бизниси, овозможување на институционална поддршка на заинтересираните страни за инвестиции како и ефикасно спроведување на административно барања за основање и функционирање на новите ентитети.

Освен сопствени средства за финансирање на приватните лица, општината преку креирање на јавно-приватни партнерства со инвеститори може да даде свој удел во поголеми и позначајни проекти кои ќе ги подобрат животните услови во руралните средини на ОГБ посебно во делот на инфраструктурните проекти кои исто така се поддржуваат и од средства од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР) и Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) преку Македонската Банка за Поддршка на Развојот (МБПР) и други кредитни форми. Неминовно е да се истакне уште еднаш дека подобната инфраструктура е клучен фактор за некој инвеститор да размислува за посериозна инвестиција во било кој сегмент од руралниот развој.

Годишната национална програма за финансиска поддршка на руралниот развој секоја година е со тренд на зголемен буџет и поддржува инвестиции за унапредување на руралниот развој при што тие средства се сметаат за комплементарни на средствата кои треба да бидат достапни на Македонија преку ИПАРД. Националната поддршка на руралниот развој поддржува инвестиции во делот на подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, инвестиции за зголемување на вредноста на производите и маркетинг, рурална инфраструктура, промоција на рурален туризам, обновливи енергии во земјоделството, едукација и унапредување на човечките ресурси во земјоделството и тн.

Воведувањето на Инструментот за претпристапна помош за Македонија како кандидат за членство на ЕУ и овозможува користење на значајна сума на средства од петтата компонента за рурален развој (ИПАРД) од програмата 2014-2020г. Овие средства се

значајна финансиска помош на принцип на кофинансирање чија цел е подобрување на конкурентноста на земјоделските стопанства и прехранбената индустрија со цел да соодветствува со стандардите на ЕУ, обезбедувајќи одржлива животна средина, социјален и економски развој на руралните средини преку промовирање на економските дејности и можности за вработување. Финансиската помош е нагласено фокусирана кон инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства, преработувачки капацитети и програми за рурален развој со цел создавање на одржливо земјоделско производство и рурален развој.

Но, важно е да се истакне дека финансиските средства се достапни главно на основа на сопственост или долгогодишен наем. Тоа значи дека оние лица кои не користат сопствено земјиште за производство (во делот на поддршка на примарното производство) туку главно користат земјиште под наем на краток рок (договори пократки од 10 години) нема да бидат во можност да ги искористат овие можности за ко-финансирање на инвестиција. Дополнително проблемот со сопственост врз некои парцели како и расцепканоста на парцелите (малите површини по парцела) исто така можно е да се јават како проблем за искористување на финансиите во земјоделството.

Преку дополнителна помош, посебно преку едукација на руралното население како и предочување на основните проблеми со кои се соочува земјоделството и начините како да се премостат, едукација за можните извори на финансирање, одржување на форуми за комуникација помеѓу примарните земјоделци преку нивни здруженија со другите учесници во вредносните синџир би се постигнале подобри начини за комуникација и премостување на проблемите, итн. е место каде општината би можела да се вклучи како фасилитатор.

### Зајакнување на граѓанското општество

Граѓанското општество игра значајна улога во развојот и поддршка на развојот и подигање на општествена свест во зависност од сферата во која делуваат. Поддршка на граѓанскиот сектор во делот на руралниот развој, развојот на МСП и заштита на животната средина ќе имаат во ОГБ позитивен придонес во целокупниот развој на руралните средини.

Посебно значајно е зголемувањето на активностите и вклучување во активностите од страна на чинителите на руралниот развој во општината кон оние граѓански организации и фондации кои ја докажале својата улога во развојот на земјоделството и руралниот развој. Дел од нив се Каварџик, Сончева Долина, Федерацијата на фармери на Македонија, Фондацијата агро-центар за едукација, разни еколошки друштва и др. Но, сепак поголемото интегрирање во здруженија и други форми на здружување во граѓанскиот сектор на засегнатите страни за поголеми лобирачки можности, за постигање на заеднички цели, разменување на искуства и знаење, зголемување на свеста за можностите во руралните средини, унапредување на нивото на МСП и слично ќе овозможат подобрување на руралниот развој и во ОГБ..

## Можности за социо-економски развој во ОБГ и преку-гранична соработка

### Регионална соработка

ОГБ е дел од Скопскиот плански регион кој претставува природно поврзан регион кој како и останатите плански региони во Македонија ќе ги реализираат целите кои се во склоп на Стратегијата за регионален развој на РМ кои се предвидени да се реализираат преку различни извори на финансирање (буџет на РМ, буџети на ЕЛС,

средства од ЕУ, донации и спонзорства и др.)[61]. Во склоп на скопскиот регион соработката на општините треба да биде на високо ниво со цел координирање, усогласување и постигање на заедничките проекти за унапредување на развојот во регионот. Главните области на соработка во склоп на регионот а со цел развој на руралните средините се: инфраструктури проекти (комунални, транспортни, енергетски итн.), управување со цврст отпад, рециклирање и преработка на отпад, заштита на животната средина, поддршка за поттикнување на развојот на микро и МСП, унапредување на неформалното образование во земјоделството, унапредување на здравствената и социјалната заштита, збогатување на туристичката понуда вклучувајќи го и руралниот туризам како значајна компонента итн.

### Прекугранична соработка

Втората компонента на ИПА е прекугранична соработка помеѓу земјите кандидати и потенцијални земји кандидати, и помеѓу нив и земјите на ЕУ. Со неа може да се финансира учеството на земјите кориснички со транснационалните програми за соработка. ОГБ може да се квалификува за учество на транснационалната програма која пак главно се фокусира на поддршка при финансирање на проекти од областа на: иновации, животна средина; пристапност; одржлив урбан развој.[62] Целите на програмата се развивање на партнерства и запознавање на земјите кандидати со програмите за соработка на структурните ЕУ фондови.

[61] Законот за рамномерен регионален развој
[62] http://www.delmkd.ec.europa.eu/en/bilateral-relations/CBC%20IPA%202008%20The%20former%20Yugoslav%20%20Macedonia%20ERDF.pdf.

## СПИСОК НА КОРИСТЕНИ СЛИКИ

**Слика 1:** Површини под земјоделски култури во општина Гази Баба – во м², Попис на земјоделие во 2007 година
**Слика 2**: Структура на шумски површини на територијата на град Скопје, 2007 година
**Слика 3:** Структура на шумски стебла и шумска површина на територијата на град Скопје и општина Гази Баба, Попис на земјоделието 2007 година
**Слика 4**: Структура на население во општина Гази Баба по пол, 2016 година
**Слика 5**: Полова структура на индивидуалните земјоделски стопанства во ОГБ, 2007 година
**Слика 6**: Структура на населението по возрасни групи во ОГБ, 2016 година
**Слика 7**: Структура на Индивидуални Земјоделски Стопанства според возрасни групи во ОГБ, 2007 година
**Слика 8:** Структура на членовите на Индивидуални Земјоделски Стопанства според образование, 2007 година
**Слика 9**: Невработени во Општина Гази Баба, 2002 – 2016 година
**Слика 10:** :Невработени во Општина Гази Баба според степен на образование, 2016 година
**Слика 11**: Структура на земјоделско земјиште во ОГБ, 2007 година
**Слика 12**: Структура на ораници, бавчи и градини, во ха, 2007 година
**Слика 13**: Структура на засадени површини со жито, во ха 2007 година
**Слика 14**: Структура на површини со раноградинарски култури во ОГБ, во ха и %, 2007 година
**Слика 15**: Структура на земјоделска површина со фуражни култури во ОГБ, во ха, 2007 година
**Слика 16**: Структура на плодно земјоделско земјиште по општини во град Скопје, во % 2007 година
**Слика 17**: Структура на типови овошки во ОГБ според површина и број на стебла, 2007 година
**Слика 18**: Граѓански Извештај за потребите на жителите во руралните населени места во ОГБ, 2019 година
**Слика 19**: Граѓански Извештај за потребите на жителите во руралните населени места во ОГБ, 2019 година
**Слика 20**: Приоритет на капитални инвестиции согласно мислењето на жителите од руралните населени места во ОГБ, 2019 година
**Слика 21**: Деветте цели на заедничка земјоделска политика на ЕУ (9 Objectives of CAP – Common Agricultural policy of EU), во 2020 година
**Слика 22** : Учество на секторите во создавањето на БДП во РС Македонија, во %, 2017 година

## СПИСОК НА КОРИСТЕНИ ТАБЕЛИ

**Табела 1**: Структура на вработени во Општина Гази Баба според НКД 2, 2018 и 2019 година
**Табела 2**: Вредносни индикатори на локалната економија на ОГБ, според НКД Рев.2, 2018 и 2019 година
**Табела 3:** Рурални населени места во општина Гази Баба според површината, 2016 година
**Табела 4:** Земјоделско земјиште според земјоделска култура и катастарска општина во општина Гази Баба, 2016 година
**Табела 5:** Структура на активни деловни субјекти по сектори во општина Гази Баба, Скопје и РМ, 2017 година
**Табела 6**: Структура на добиток во ОГБ според број на грла, 2007 година
**Табела 7**: Учеството на Common Agricultural Policy трошоците во вкупните ЕУ трошоци (2011 постојани цени), 1980 – 2018 година
**Табела 8:** Економски сметки во земјоделието во РС Македонија, по тековни цени, во милиони денари, 2015 – 2017 година
**Табела 9**: Позитивни и негативни страни од унапредување на примарното производство
**Табела 10**: Позитивни и негативни страни од диверзификација на земјоделието и руралниот развој
**Табела 11:** Просечна големина на фарма на земјите членки на ЕУ пред пристапување во ЕУ
**Табела 12**: Структура на буџетска подршка на земјоделието и руралниот развој во РС Македонија, 2012 – 2017 година

## БИБЛИОГРАФИЈА

1. Државен завод за статистика: Површини под земјоделски култури во општина Гази Баба во м², Попис на земјоделие во 2007 година, www.stat.gov.mk
2. Сектор за ЛЕР и ИКР, Сашо Трајков (2020) Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Гази Баба за периодот 2020 – 2025
3. Општина Гази Баба, проф. д-р. Ѓорги Малковски (2007): Монографија на Општина Гази Баба
4. Центар за економски анализи, Весна Гарванлиева (2009): Подстратегија за рурален развој на општина Гази Баба за периодот 2009 – 2012 година, www.cea.org.mk
5. Министерство за земјоделие, шумарство и водостапанство: Национална Програма за Земјоделство и Рурален Развој, ИПАРД 2007-2013, www.mzsv.gov.mk
6. Д-р В. Даскаловски (1971): Бонитетот на земјиштето, популацискиот развиток, реонизација и функционална класификација на селата во руралната средина на Скопската Котлина, Годишен зборник, кн.19, Скопје, стр. 48-52
7. Државен завод за статистика: Структура на шумски површини на територијата на град Скопје, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
8. Државен завод за статистика: Структура на шумски стебла и шумска површина на територијата на град Скопје и општина Гази Баба, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
9. Државен завод за статистика: Структура на население во општина Гази Баба по пол, Макстат база на податоци – Население во ОГБ, 2016 година, www.stat.gov.mk
10. Државен завод за статистика: Полова структура на индивидуалните земјоделски стопанства во Општина Гази Баба, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
11. Државен завод за статистика: Структура на население во општина Гази Баба по возрасни групи, Макстат база на податоци, Процена на Население во ОГБ, 2016 година
12. Државен завод за статистика: Структура на членовите на Индивидуални Земјоделски Стопанства според образование во општина Гази Баба, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
13. Бизнис мрежа: Структура на вработени во ОГБ според НКД 2, 2018 и 2019 година, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, www.biznismreza.mk
14. Агенција за вработување на РС Македонија: Невработени во ОГБ во периодот 2002 – 2016 година и невработени во ОГБ според образованието во 2016 година, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, www.av.gov.mk
15. Бизнис мрежа: Вредносни индикатори на локалната економија на ОГБ, според НКД Рев.2, 2018 и 2019 година, Датабаза на сектор за ЛЕР и ИКР, www.biznismreza.mk
16. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство на РС Македонија(2016): Рурални населени места во општина Гази Баба според површината и Земјоделско земјиште според земјоделска култура и катастарска општина во општина Гази Баба во 2016г, подрачна единица на МЗШВ во општина Гази Баба, www.mzsv.gov.mk

17. Државен завод за статистика: Структура на земјоделско земјиште во ОГБ, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
18. Државен завод за статистика: Структура на ораници, бавчи и градини во ха, и структура на засадени површини со жито во ха, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
19. Државен завод за статистика: Структура на раноградинарски култури во ха, и структура на засадени површини со фуражни култури во ха, Макстат база на податоци, Попис во земјоделието во Општина Гази Баба во 2007 година, www.stat.gov.mk
20. Државен завод за статистика: Структура на активни деловни субјекти по сектори во општина Гази Баба, Скопје и РМ во 2017 година, Макстат база на податоци – сегмент деловни субјекти во ОГБ, 2017 година, www.stat.gov.mk
21. Државен завод за статистика: Структура на типови овошки во ОГБ според површина и број на стебла , МАКСТАТ база на податоци, Попис на земјоделието во ОГБ во 2007 година, www.stat.gov.mk
22. Државен завод за статистика: Структура на добиток во ОГБ според број на грла , МАКСТАТ база на податоци, Попис на земјоделието во ОГБ во 2007 година, www.stat.gov.mk
23. Центар за економски анализи, Весна Гарванлиева (2019) Citizen Engagement Report of MGB, подржано од Urban Partnership програмата на Светска Банка, 2019 година, www.cea.org.mk
24. Common Agricultural Policy of EU, 2020 - https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/future-cap_en#objectives
25. https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/farming/facts-and-figures/financing/cap-expenditure_en
26. Државен завод за статистика: Учество на секторите во создавањето на БДП во %, Макстат база на податоци, сегмент БДП и Пазар на труд, 2017 година
27. Државен завод за статистика: Економски сметки во земјоделието по тековни цени во милиони денари во период 2015 – 2017 година, Макстат база на податоци, 2015 – 2017 година
28. Центар за економски анализи, Весна Гарванилиева (2009): Позитивни и негативни страни од унапредување на примарното производство и диверзификација на земјоделието и руралниот развој, 2009 година
29. http://ec.europa.eu/agriculture/index_en.htm) : Просечна големина на фармите на земјите членки на ЕУ 15 пред нивното пристапување во ЕУ, 2009 година
30. ИПАРД Агенција: Структура на буџетска подршка на земјоделието и руралниот развој во РС Македонија, 2012 – 2017 година, www.ipardpa.gov.mk





Подстратегија за рурален развој

на Општина Гази Баба, 2020 – 2025 година

2021 година

contact@gazibaba.gov.mk

Архимедова 2